УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

Социјална педагогија

Лидија Штерјов

# Влијанието на воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда

**-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-**

Штип 2013,

**Лидија Штерјов**

**Влијанието на воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда**

**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип**

**Комисија за оценка и одбрана**

**Претседател:** **Проф. д-р Стеван Алексовски**

**Член:** **Проф. д-р Кирил Цацков**

**Член:** **Доц. д-р Борче Костов**

*“Не постои посвето верување од она во децата. Не постои позначајна должност од почитување на нивните права, на заштитата на нивната добросостојба, на гарантирање дека нивните животи ќе бидат ослободени од страв и сиромаштија и дека ке растат во мир“.*

***Кофи Анан***

## Краток извадок

Неприфатливото однесување на младите од секогаш привлекувало посебно внимание на општеството. Историски, оваа појава е присутна уште во најнеразвиените општества. Со развојот на општеството, таа претрпувала одредени модификации и промени и тоа како на феноменолошки-појавен план, така и во поглед на причините и условите што ја предизвикуваат и овозможуваат. Гледано во целина, правецот на овие промени се движел кон се позачестено и подрастично манифестирање на ова однесување. Тоа, во основа, е условено од се поголемата сложеност на општествениот живот, а со тоа и од се посилното и помногубројното манифестирање на влијанието на околностите, кои младите ги поттикнуваат кон такво однесување.

Во тесна врска со тие промени, се менувал и вредносно-етичкиот и правниот однос на општеството кон општествено неприфатливото однесување на младите. Основната линија на овие промени одела во нешто поинаков правец. Од првобитно изострената осетливост на сите, па, и на најситните испади на младите и ригорозното општествено и правно реагирање, општеството со текот на време станува потолерантно, а неговото реагирање похумано.

Ваквиот развој, пред се, е резултат на напредокот на човековото општество воопшто и посебно на силниот развој на науката за човекот. Наспроти овие две општи правилности постојат, и извесни отстапувања, кои се условени од одредени специфичности на одделни социо-културни средини, а посебно од самата динамика на негативното општествено однесување на младите.

Неприфатливото однесување на младите, е појава која предизвикува особен интерес за истражување и анализирање на нејзините причини од страна на голем број автори. Разгранетоста на научните проучувања доведе до забележителни успеси. Сепак и покрај тоа, во оваа област постојат одреден број проблеми кои останале нерешени, спорни или се решавани на начин кој не ги задоволува барањата на објективното научно проучување.

Причините за тоа треба да ги бараме во сложеноста на самата појава и нејзиното различно јавување во разни социо-културни средини. Во прашање е сложена и динамична појава, која манифестира вонредни способности за прилагодување кон животните услови.

За да се сфати суштината на оваа појава и да се преземат соодветни мерки, нужно е да се откријат причините кои доведуваат до асоцијално однесување на младите.

Причините за појавата на малолетничката деликвенција, најчесто се делат на неколку групи и тоа: општествено - економски причини, семејни причини, индивидуални каректеристики на личноста на малолетникот и средината како фактор за појава на малолетничката деликвенција.

За ублажување на овие проблеми во нашата средина, донесен е Закон за малолетничка правда (Сл.весник на РМ 87/2007) , а исто така и во системот на социјална заштита покрај формите на институционална заштита воведени се и вонинституционални форми за заштита кои се порационални и економски исплатливи.

Во ублажувањето и разрешувањето на сите проблеми со децата и малолетниците, многу важен фактор се стручните работници, ангажирани во сите институции и од сите ресори.

Исто така неопходно е да се зајакне соработката на владините институции со граѓанскиот сектор кои се занимаваат со оваа проблематика, согласно со Конвенцијата за правата на детето.

**Клучни зборови: асоцијално однесување, криминалитет, семејство, установи.**

## Abstract

Unacceptable behaviour of young people has always been an issue of interest of the society. Historically, this advent is present ever since in undeveloped societies. Along society development, this advent has undergone specific modifications and changes in phenomenological-emersion plan as well as the reasons and conditions that cause and allow it. Generally speaking, the direction of these changes was towards more often and drastic manifestation of this kind of behaviour. This basically depends on complexity of the social life, and at the same time the stronger and more often manifestation of circumstance impact which is soliciting young people to that behaviour.

Related to those changes, the value-ethical and legal attitude of the society to the unacceptable youth behaviour has been changed. The basic line of those changes went in some other direction. Starting from abrased sensitivity of all to youth little ramps and rigid society and legal reaction, the society during time becomes more tolerant and its reaction more humane.

That kind of development is firstly a result of society progress in general and especially strong development of human science. Opposite to these two common regularity, there are some discrepancies caused by specific socio-cultural environments, and especially the dynamics of negative social behaviour of young people.

The unacceptable youth behaviour is advent of special interest for research and analyses of its reasons by many authors. The outspread of scientific researches has lead to significant successes. However, in this issue there are some problems which have been left unsolved, disputable or solved in manner that do not fulfill the demands of objective scientific research.

Reasons for that should be looked into complexity of advent itself and its various appearance in different socio-cultural environments. It comes to complex and dynamic advent that manifests exceptional abilities for adjustment to life conditions.

In order to comprehend the issue of this advent and undertake suitable measures, it is necessary to find out the reasons that lead to asocial behaviour of young people.

The reasons for juvenile delinquency are commonly separated in several groups: socio-economic reasons, family reasons, individual personal characteristics of the juvenile and the environment as factor of youth delinquency.

In order to moderate these problems in our environments, the Law of jouvenile justice was adopted (Official gazette of RM 87/2007) and in the system of social protection except the forms of institutional protection, some external institutional forms are introduced which are more rational and economically pay out.

In solution and mitigation of all problems that children and juveniles confront, very important factor are professional workers engaged in all institutions and resources.

Also, it is necessary to strenghten the cooperation among the public institutions and civil sector that are involved in this issue according to Convention of child rights.

**Key words: associal behaviour, criminality, family, institutions.**

**Влијанието на воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа  врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.**

**СОДРЖИНА**

**Вовед**

**I Теоретска елаборација на проблемот…………………………………………..**

**1.Осврт кон положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда........................................................................................................14**

***1.1 Дефинирање на поимот малолетничка делинквенција……..…………16***

***1.2. Возраст на малолетникот………………………………………………......23***

**1.3 Причини за појава на малолетничка деликвенција………………………28**

**1.4 Средина фактор за појава на малолетничка деликвенција……………..30**

**1.5 Карактеристики на малолетничката деликвенција……………………..31**

**1.6 Историски осврт на малолетничката правда……………………….…..33**

**2. Системот на малолетничка правда во Република Македонија**

**2.1 Развојот на малолетничка првавда во Република Македонија………36**

**2.2 Категории на малолетници……………………………………………..….40**

**2.3 Системот на санкции за малолетници……………………………………..41**

**2.3.1 Воспитни мерки……………………………………………………………..42**

**3. Улогата на центарот за социјална работа во извршувањето на воспитните мерки…………………………………………………………………….46**

**3.1Општи принципи на извршување на воспитните мерки……………..……49**

**3.2 Фази на стручна работа со малолетници…………………………………53**

**3.3 Улогата на стручниот тим во извршувањето воспитните мерки……….62**

**3.4 Извршување на мерката Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа………………………………………………………….........70**

**II Дел Методологија на истражувањето………………………………………..73**

**1.Предмет на истражувањето**

**2.Цел и карактер на истражувањето**

**3.Задачи на истражувањето**

**4.Хипотези**

5.Варијабли на истражувањето

6.Методи,техники и инструменти на истражувањето

7.Популација и примерок на истражувањето

8. Статистичка обработка на податоците

9. Релевантни истражувања

III Анализа и интерпретација на податоците……………………….........…….79

Заклучок и Препораки.........................................................................101

Користена литература.........................................................................106

## Вовед

Развојот на современото општество се карактеризира со голема динамичност што предизвикува длабоки промени во неговата целокупна структура. Динамичноста на развојот е детерминирана пред се од невидениот во неговиот досегашен развој напредок на науката и техниката, на технологијата, електрониката и компјутеризацијата, на информатиката и се тоа во име на послободен, понезависен, побогат, посреќен и посигурен живот на човекот. Научниот напредок доведе до длабоки промени во социјалните, политичките, правните и економските односи, кои едновремено се јавуваат како причини научните достигнувања покрај позитивните ефекти, едновремено да придонесуваат за страдањата на човекот во сите области од неговото живеење да бидат поголеми, потешки, подлабоки, правејки го неговиот живот нехуман, несигурен и небезбеден. Битна карактеристика на современото живеење е големата подвижност на населението во целиот свет од посиромашните делови кон побогатите, во потрага кон задоволување на примарните потреби – како последица на зголемување на разликата меѓу богатите и сиромашните, и со зголемување на бројот на сиромашни семејства. Расчекорот во овие области се изразува и преку филозофијата на потрошувачко општество, нагласениот хедонизам и тежнението да не се умре од глад. Притоа, децата се најчести жртви на гладот. Наспроти тенденцијата за хуманизација на односите помеѓу луѓето, нетолеранцијата, недоразбирањата и насилството, стануваат доминантни облици низ кои се остваруваат комуникациите меѓу луѓето. Насилството станува доминантна феноменолошка карактеристика на сите тешки облици на криминалитет.

Длабоките промени во општеството, оствариja најсилно негативно влијание на категоријата на луѓе што ги одредивме како деца и малолетници, неоформени личности во развојот, особено врз нивната социјализација и на семејството и извршувањето на неговите функции. Непристојното, нехуманото претстапничкото, деликвентното, девијантното и криминалното поведение на младите, се доказ за несоодветната социјализација на младите луѓе, за

развојот и формирањето, воспитувањето и образованието, до отсуство и непочитување на системот на вредности кој е цивилизациско достигнување, кој е општоважечки, човечки и општоприфатен и почитуван. Недостатокот на смисла за поседување на систем на вредности се огледува во нивното барање смисла во себе и смислата на животот, во деструктивното, асоцијалното однесување, во вандализмот, егоизмот и себичноста, во препуштањето на нагонските побуди, злоупотребата на дрога и алкохол, на самоволието, насилството и криминалитетот, кои претставуваат последици од воспитувањето без вредности.

Неразрешувањето на противречностите, несоздавањето на услови за правилен развој на младата генерација, ја турка во деструкција, во девијантност и деликвенција, во фактор што го урива она што е создадено, а развојот го влече назад. Социјализацијата на младата генерација во согласност со достигнатиот степен на цивилизациски, хуманистички и демократски развој на општеството, е гаранција дека таа ке се развива и остварува како фактор на прогресот, а општеството за себе ќе може да каже дека води сметка за својата иднина.

Универзалната декларација за правата на човекот, Конвенцијата за правата на детето, Меѓународната спогодба за граѓански и политички права и други декларации и конвенции за правата на човекот и особено за правата на детето, истакнуваат дека е потребно да им се посвети поголемо внимание на постојните законодавни мерки. Тие обезбедуваат целосна мобилизација на сите постапки и средства , вклучувајки го семејството, училиштата и сите институции во заедницата за да се подобри состојбата на малолетниците, да се сведе на минимум потребата од правна заштита, и да се обезбеди делотворно, праведно и човечко постапување со малолетниците кои се во судир со законот.

Во Република Македонија, согласно со меѓународните документи и националната легислатива има воспоставено систем за малолетничка правда и тоа во следниве институции: Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство

за образование и наука, Суд и Јавно правобранителство. Меѓутоа  сите тие располагаат само со статистички податоци, без некои конкретни анализи кои се потребни за  научно  објаснување на проблемот и за преземање на конкретни мерки за превенција и сузбивање на оваа  појава. Тоа е мотивот поради кој сакам да работам на оваа тема.

## I Теоретска елаборација на проблемот

### 1.Осврт кон положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда

Поаѓајки од општествената природа на малолетничкото претстапништво и општествените мерки за негово спречување, институционалиот систем на заштита на малолетниците во прв план ја истакнува општествената заштита и улогата на центрите за социјална работа во делот на воспитување, социјализација и ресоцијализација.

Во методолошки поглед улогата на цетрите за социјална работа може да се подели на неколку комплексни и комплементарни делови, без чие единство тешко може да се претпостави ефикасноста во неговото општествено остварување. Станува збор за следните клучни улоги[1]:

- Следење и проучување на малолетничкото претстапнишптво, ризичните социјални групи и малолетниците, вклучувајки го и манифестираното престапништво.
- Планирање и програмирање на општествените активности за спречување на престапништвото и заштитата на децата во социјалниот развој и односот на општеството спрема малолетничкото престапништво.
- Превентивно делување и активности на органот за старателство
- Влијанието на политиката во изрекувањето на воспитните мерки и однос на општеството спрема малолетничкото претстапништво
- Социјалната заштита на децата и младите во системот на малолетничка правда во делот на извршување на воспитните мерки и отстранување на последиците во воспитно-социјалниот развој.
- Координатино-иницијативна улога во системот на малолетничка правда во делот на третман и заштита на децата и младите.

[1] Radojevic,M.(1979), Centri za socijalni rad I vaspite ustanove u izvrsavanju vaspitnih mera,Beograd:Institut za socijalnu politiku,str.13

Системското и континуираното следење и проучување на малолетничката деликвенција и другите општествени појави релевантни за неговиот обем и карактеристики се неопходен услов за успешно планирање, програмирање и креирање на политики за спречување на појавата на на малолетничката деликвенција и подобрување на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда. Следењето на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, претставува основа за добар избор на облиците и мерките на заштита, кое подразбира системски и планиран увид во ефектите за преземање на мерки и промена во социјалните услови и личноста на малолетниците без оглед на тоа во кои услови и кои облици на воспитни и други мерки на социјална заштита се применуваат.

Проучувањето на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, можат да се користат за преземање на активни методи и методолошки средства , со кое располагаат модерните општествени науки.

Планирањето и програмирањето на општествените активности за положбата на децата и младите како малолетни престапници поаѓа од добро познавање на етиологијата, феноменологијата и последиците на малолетничката деликвенција. Во оваа смисла, може да се заклучи, дека сите планови и програми на социјалната политика, детската и социјалната заштита, се однесувааат и на малолетничката деликвенција. Меѓутоа тоа не е доволно за спречување на овој социјален проблем, бидејќи во неговата појава и влијание, и некои посебни и поедини причинители и услови за кои е потребна посебна општествена акција. Како што е штетно претераното нагласување на специфичностите на малолетничката деликвенција, како еден вид на попреченост на децата во нивниот социјален развој, исто така, е неприфатливо сфакањето дека општите програми за социјална политика се доволна основа за спречување на појавата на малолетничката деликвенција. Овие општи програми се само основа, бидејќи без општите мерки кои имаат за цел создавање на поволни услови за развој на детето , не може значително да се влијае на проблемите во нивниот развој. Но од друга страна, без конкретен

однос спрема причините и условите на секоја посебна средина, група, па и поединец, тешко може да се очекува дека општите мерки ке бидат успешни.

Тоа значи дека мора да постојат посебни програми и планови кои поаѓаат од добро познавање на појавата, нивните карактеристики, обемот и причината и во кои прецизно, врз основа на сознанијата на науката и искуствата од пракса, ги одредуваат целите, задачите, содржината, методите и мерките, носителите и динамиката.

Плановите и програмите во однос на појавата на малолетничка деликвенција по правило би требало да се долгорочни. Во територјално – просторена смисла можат да се лоцираат во програмите и плановите на училиштата, младинските центри, здравствените установи, центрите за социјална работа и локалната самоуправа.

### *1.1. Дефинирање на поимот малолетничка делинквенција*

Малолетничката делинквенција како специфична, сложена и комплексна социолошко-патолошка појава, била застапена уште од најраните денови на создавањето и функционирањето на општествата, засновани на обичајни, социјални и правни норми, но сепак интересот на научната опсервација за нејзино проучување е од понов датум. Девијатното однесување на малолетниците своите манифестни форми не ги доживува само преку вршење на казнени дела, туку опфаќа и најразлични видови на асоцијално, воспитно запуштено и воопштно опшествено неприфатливо однесување, кое не е инкриминирано во казнено правните прописи. Широкиот дијапазон на општествено неприфатливо однесување на малолетниците, го одредува и различното дефинирање на малолетничката делинквенција. Хетерогеноста во употребата на различни поими кои се однесуваат на оваа појава, како што е малолетничка запуштеност, малолетничко престапништво, делинквенција, неприлагодена младина, младина со лошо поведение, асоцијално поведение, малолетнички криминалитет и уште многу други поими за кои не може да се

каже дека се синоними за една иста појава[2], која е условена и со големиот број на интензивни истражувања кои се вршат на оваа тема. Оттука, во криминолошката, правната и социјалната литература, се сретнуваат голем број на различни и често непрецизни одредби на поимот на малолетничка делинквенција, кои можат да се класифицираат во три групи.

Првата група ја сочинуваат поимите, определувањата и одредбите кои произлегуваат исклучиво од општите казнено правни инкриминации, според кои малолетничката делинквенција го опфаќа само поимот на однесување на малолетникот кое е инкриминирано во Кривичниот законик. Оваа група ги опфаќа потесните дефинирања на малолетничката делинквенција, која во феноменолошки поглед не се разликува од криминалитетот на возрасните, туку се разликува малолетниот сторител на казнено дело од возрасниот, како извршител, а не нивното поведение.[3] Ваквото определување на поимот за одредување на повреда на казнено правните норми од страна на малолетниците се именува и како „ малолетнички криминалитет”.[4]

Втората група на сваќања пошироко го одредуваат поимот на малолетничка делинквенција и покрај кршењето на општите казнено-правни норми, ги подразбира и поведенијата кои се во судир со други законски прописи. И овие дефиниции се задржуваат на оние повреди на правните норми од потежок или полесен вид, со тоа што за разлика од првата група повредата ја прошируваат и на останатите прописи, а не само на казнено-правните норми.

Третата група на дефиниции ги надминува легално формалните лимити и се означува како социолошко-криминолошки поим на престапништвото на младите[5]. Според овој опфат на појмовно одредување на малолетничката делинквенција, оваа социјално-патолошка појава го вклучува девијантното однесување на малолетниците во неговата севкупност, односно покрај однесувањата кои директно се во судир со правните норми, овие дефиниции го

[2] *Арнаудовски, Љ.*(2007), Криминологија,*Штип: 2-ри Август-С*,стр.54

[3] *Jašović, Ž.(*1983), Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, Beograd: Naučna knjiga,стр.69.

[4] *Арнаудовски, Љ.*(2007), Криминологија,*Штип: 2-ри Август-С*,стр.87.

[5] *Jašović, Ž.(*1983), Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, *Beograd: Naučna knjiga,*стр.73.

опфаќаат и поведение на малолетниците, кое се смета за асоцијално и со кое се кршат моралните норми на заедницата.

При поимливото одредување на општествено неприфатливото поведение на малолетниците, терминот „ малолетнички" се употребува и при одредување на општиот поим на криминалитет, извршен од страна на малолетници како „малолетнички криминалитет", и при одредување на посебниот статус на малолетните сторители на казнени дела во системот на казненото право, правната положба, способноста за казнена одговорност, како и посебниот систем на санкции, кои се применуваат кон малолетниците, инкорпорирани во поимот на „ малолетничката делинквенција".

Во определувањето на поимот на малолетничката делинквенција, владее големо шаренило, кое денес може да се види од бројните термини што за означување на истата суштина се среќаваат, како во криминолошката така и во кривичноправната теорија воопшто. Се смета, дека постојат толку дефиниции, колку што постојат автори кои се занимаваат со оваа појава[6].

Покрај терминот малолетничка делинквенција, оваа криминално однесување се означува и како малолетнички криминалитет, малолетничко престапништво, воспитна запуштеност и сл. Притоа и овде, како впрочем и кај определувањето на поимот на криминалитетот, се оди во премногу екстензивно толкување на овој поим, така што постојат обиди покрај противправните поведенија на малолетниците определени со Кривичниот законик, да се поместат и асоцијалните и други поведенија на малолетниците.[7]

Во таа смисла е срочена е дефиницијата на Јашовиќ кој вели дека: „Престапничкото поведение на младите е секое поведение на поединец, група на млади кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо, однесување со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кои, кога тоа е општествено видливо, предизвикуваат спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат

[6] *Скаберне,Б.*(1968),Аспекти на воспитната запуштеност,*Скопје*:*Правен факултет Скопје*,35.
[7] *Стојановски,Н.Сулејманов,З*(2002), Социјална патологија,*Скопје*:*Југореклам*,387.

општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение".[8]

Наспроти ваквата широка определба, потребно е малолетничката делинквенција, еднакво како и криминалитетот на возрасните да се определи во нејзината потесна смисла, што значи дека со неа се опфакаат кривични дела определени со кривичното законодавство и тоа само оние кои и за возрасните претставуваат кривични дела. Оправдувањето на овој став, како што истакнува Милутиновиќ, се наога во ограничувањето на малолетничката делинквенција на дејности кои се инкриминирани со позитивен кривичен законик и оттаму што казнената политика бара јасни и прецизно определени поими, лишени од дифузност и релативност.[9]

Постои невоедначеност во дефинирањето на малолетничката делинквенција во правната, криминолошката и социолошката литература.

Сепак, во најновата литература, постојат две сфаќања за малолетничката деликвенција.

Првото пошироко сфаќање се заснова на проширувањето на поимот малолетничка деликвенција на сите девијации во однесувањето на младите луге, како што се: социјалната неприлагоденост во најширока смисла , скитањето, пушењето во училиште, бегањето од семејството и училиштето и слични однесувања кои често излегуваат од рамките на законските граници, како и оние активности кои се инкриминирани со нормите на материјалното кривично законодавство.

Со тоа се сака да се постигне, овој поим да добие посебно широка и богата поимлива содржина, адекватна на разните облици на девијации во редовите на младината - од асоцијално до антисоцијално однесување и посебно до вршење на кривични дела- кои се јавуваат како израз на низа општествени, културни, економски, биолошки и други влијанија, кои не е можно да се одредуваат исклучиво од аголот на законската детерминација.

---

[8] *Vidanovič,I.(1991),* Metodika socijalnog rada s pojedincem I porodicom opšti deo, *Beograd:Naučna Knjiga*

[9] *Милутиновиќ,М.*(1990),Криминологија,*Белград:Современа администрација*,241.

Во врска со тоа се смета дека терминот деликвенција е многу погоден да ја изрази оваа поимна содржина т.е. да го опфати она однесување на младите со кое се кршат специфичните норми кои даваат основа за легална акција, било да станува збор за поединци или групи, како и оние девијантни однесувања (бегање од училиште, испади на вандализам и сл.), кои не се јавуваат кај возрасните лица. Истовремено, се истакнува дека овој поим е адекватен на општоприфатеното гледиште, дека малолетниците кои извршиле кривично дело не треба да се сметаат како криминалци, туку како малолетници, спрема кои треба да се преземаат мерки и третмани на превоспитување.

Во смисла на ова сфаќање, малолетничката деликвенција опфаќа практично многу однесувања, кои не можат да се сметаат како деликвентни во законска смисла, како што се : непослушност, пушење без дозвола, бегање од дома и од училиште, отсуство на почитување на другите луге, скитање и сл., па поради тоа се означуваат како други престапи, за разлика од примарните престапи кои содржат елементи на деликвентни активности. Поради тоа, некои сметаат дека примената на терминот малолетничка деликвенција е неадекватна, бидејќи се имплицира и на однесувања кои кај возрасните не би предизвикале кривично гонење.

Во рамките на овој концепт, се среќава и поделбата на социјално нехармонични малолетници на предделиквенти и деликвенти, која во основа се базира на законскиот лимит. Деликвент е оној малолетник кој извршил некое дело, кое е инкриминирано по позитивните норми на материјалното кривично право, а предделиквент е малолетник кој не извршил кривично дело во смисла на законските инкриминации, но неговото однесување почнува да добива атипичен карактер и може да го одведе во деликвентна активност, доколку не биде подвргнат на адекватни корекциони третмани. Овде станува збор за лица кои имаат извесни проблеми, но се уште не развиле деликвентна активност.

Не може да се зборува за предделиквенција како законски феномен, туку за едно однесување кое е на пат да прерасне во деликвентно однесување. Носителите на ова предделиквентно однесување се делат обично на

социјално нехармонични малолетници (нехармоничност со општествената средина) и оние малолетници кои живеат во неповолни услови, кои можат да ги однесат на патот на деликвентно однесување и затоа е потребно да им се даде социјална помош и заштита воопшто.

По едно друго потесно сфаќање, малолетничката деликвенција ги опфаќа сите активности на малолетникот кои се инкриминирани во позитивните кривични закони на една земја. Станува збор е за активности кои и кај возрасните лица претставуваат кривични дела. Ова сфаќање е правно детерминирано и ги издвојува од кругот на негативните лични девијации, категоријата на однесување која е општествено најопасна, земајки ја во предвид личноста на малолетникот и карактерот на неговото деликвентно однесување, па поради тоа се нарекува малолетничка деликвенција, за разлика од предделиквентното и проблематично однесување, кое во никој случај не може да се третира како криминалитет, но служи како предупредување за преземање на превентивни и превоспитни мерки и акции.

Во поголем број на земји, преовладува второто мислење, бидејки тоа ја ограничува малолетничката деликвенција на дејностите кои се инкриминирани во позитивно кривично законодавство. Меѓутоа, постои општа согласност кај авторите што се занимаваат со малолетничката делинквенција по некои прашања: дека таа претставува општествена појава со негативен општествен предзнак ( појава што во рамките на  општествените вредности и односи добива негативно вреднување);

Тоа произлегува оттаму, што малолетничката делинквенција по своите феноменолошки карактеристики се изразува како општествено штетна и опасна појава (криминална појава), со која се напаѓаат најзначајните, најголемите вредности на општеството, општествените групи и поединецот. Во степенување на поимот малолетничка делинквенција, се опфакаат девијантните, делинквентните, асоцијалните, антисоцијалните-криминални поведенија на младите. Разликите се изразуваат во опфатеноста на облиците на негативно поведение на младите, на начинот на дефинирање на

малолетноста, во одредувањето на правниот статус на појавата  во правниот систем.

Општественото значење на оваа појава главно  се одредува од неколку аспекти:

- специфичностите на малолетниците како посебна категорија на луѓе што се опфатени со оваа појава и се јавуваат како нејзини носители, тоа се младите, младата генерација, младината на секое општество.
- постои една општо прифатена теза која гласи: општество кое не води сметка за својата младина, не води сметка за својата иднина. Тоа е вистина која не треба да се докажува. Младината е генерација која се раѓа, расте, се развива, се образува, се формира во општеството, ги  впива во себе и ги носи со себе сите најзначајни социјални, културни, историски и други вредности на општеството, ги заштитува, ги чува и одгледува, ги унапредува и на тој начин го продолжува животот и постоењето на својата заедница;
- обемот и динамиката со која се манифистира малолетничката делинквенција, структурата, начинот на манифестирање, распространетоста и опфатеноста на младите луге со делинквентното однесување е индикатор за положбата, условите на живот и работа за развој на младата генерација во тоа општество: колку е повисоко учеството на младите во малолетничката делинквенција, толку е понесигурна и полоша положбата на младата генерација во тоа општество. Правната, социјалната, економската сигурност, опстанокот и опстојувањето, младите луге ја чувствуваат многу посилно од возрасните-сигурноста во овие области е исконска кај човекот и целото негово живеее и постоење се сведува на постигнување на сигурност.
- повратно, феноменолошките карактеристики на малолетничката делинквенција се индикатор за тоа на кој степен во својот развој, политички, економски, стопански, правен, социјален, културен, цивилизациски план се наоѓа одредено општество или заедница;
- на овие две поставки се надоврзуваат  карактеристиките на оваа појава што од општествен и криминолошки аспект ја чинат општествено опасна појава: малолетничката делинквенција покажува тенденција на многу брз

пораст (побрз од претходните периоди), што значи постојано зголемување на бројот на младите што манифестираат делинквентно (криминално) поведение, што непосредно влијае врз зголемувањето на криминалитетот во даденото општество воопшто, границата на започнување на делинквентната активност (криминалната кариера), постојано се поместува спрема помладите години (учеството на децата се зголемува), феноменолошките карактеристики се изразуваат преку суровост и насилство со примена на тешки оружја и орудија, рецивидизмот постојано се зголемува (колку помлади почнуваат со криминално поведение толку е поголема веројатноста да постанат рецидивисти), се поголема е употребата на дрога, алкохол кај младите луѓе, присутна е проституцијата, коцкањето, просјачењето и други социопатолошки појави.[10]

Здружувањето во банди, е исто така, карактеристика на малолетничката делинквенција, особено во поголемите градови и метрополи и затоа се смета како проблем на урбаната средина[11].

Покрај овие карактеристики на малолетничката делинквенција, сепак неа ја чинат посебна, различна од другите општествено негативни појави, нејзините носители се опфатени со општиот поим-малолетници. Малолетноста е голема привилегија , верност во однос на другите фази од животот на човекот, но фаза оптоварена со многу предизвици и ризици, особено за развојот и иднината.

### *1.2. Возраст на малолетникот*

Созревањето на личноста, односно растењето, е доста динамичен процес. Младоста е период од животот во кој поединецот се соочува со различни проблеми и задачи кои пред него се поставуваат. Тоа воедно е и најинтензивниот когнитивен, емотивен и конативен период, кој е одбележен со стекнување на знаења и усвојување на различни навики, судови, вредности и

[10] Арнаудовски,Љ.(2000), Општ пристап кон концептот за превенција на малолетничката делинквенција,Печатница Кавадарци,69-70.
[11] Милутиновиќ М. оп.цит. стр.247

ставови. Едно од најголемите барања, е изградба на сопствен идентитет и потрагата  по одговорите на безбројни прашања. Кај младите се јавува потреба од дружење и вклучување во општествениот живот на поширокaта заедница низ припаѓањето на одредени групи на врсници и друштва. Ако поединецот се вклучи во одредено друштво, кое општеството го идентификува како позитивна група која негува и промовира  одредени позитивни вредности и цели, имајки го во предвид почитувањето на нормите и барањата на поширокaта заедница, тогаш можеме да зборуваме за задоволувачко вклучување. Меѓутоа, во некои помалку контролирани услови, младите се здружуваат и идентификуваат со девијантни групи, барајки на себе слични со исти психички и општествени проблеми, а како цел и содржина на нивното дружење станува, насилство, зависност, различни казниви дела и се тоа како составен дел на ритуалот на групата. Таквото вклучување,  резултира со појава на девијантно однесување, кое често прераснува во вршење на делинквентни и казниви дела и станува закана за поширокaта општествена заедница.  Во литературата често се истакнува дека младите се одликуваат со различни биопсихолошки промени чија динамичност дава значајни можности за воспитување и социјализација. Младата личност во фазата кога е се уште недоволно изградена станува чувствителна и разните влијанија можат да го насочат нејзиниот развој и однесување кон асоцијално и антисоцијално однесување.[12]

Според мислењето на психолозите, во созревањето на личноста се разликуваат повеќе фази и тоа обично: период на детство, претпубертет, пубертет и постпубертетски период, секој со посебни карактеристики на личноста. При тоа, не може да се каже дека секое дете подеднакво ги поминува наведените хронолошки периоди, зошто развојот на сите психички и соматски особини не е секогаш рамномерен.[13]

Претпубертетот кој кај девојчињата се смета од 11 до12 година, а кај момчињата од 12 до14 години, се карактеризира со судир мегу детските црти

[12] *Луќетиќ,Д.(1999),* Влијанието на семејството врз појавата на малолетничката делинквенција, Белград:Научна книга,, стр.87
[13] *Стојановски,Н.Сулејманов,З.*(2002), Социјална патологија,*Скопје*:*Југореклам*,стр.389.

на личноста и цртите на малолетството. Децата во тој период, почнуваат да се осамостојуваат и веќе да ги отфрлуваат авторитетите.

Пубертетскиот период кај девојчињата вообичаено трае од 12 до 15 години, за машките деца од 14 до18 години. Пубертетот иако краткотраен е мошне значаен период во животот на младата личност , бидејки таа тогаш претрпува низа органски и психички промени под влијание на половите жлезди. Или како што вели Хентиг, *“Младоста е бина на три големи физички и ментални кризи: кризата на пубертетот, кризата на растење и функционалната криза. Прва е кризата на пубертетот. Добро познатите соматски промени тесно се поврзани со психичките промени. Спротивставените состојби на духот ја карактеризираат менталната слика. Силниот нагон за лутење е ублажен со болното чезнеење за куќата. Инстинктот на самоодржување еднаш е потиснат, друпат претерано изразен. Постои склоност за непосредни и целосни решенија на сите проблеми: жестока лојалност спрема пријателите и омраза према непријателите, не се почитуваат постоечките авторитети, изразена е склоност кон себеистакнување и свтрување на вниманието кон себе. Во овој период се јавуваат многу ментални растројства. Изгледа дека пубертетот ги мобилизира сите телесни и ментални слабости на младото суштество до опасни искушенија. Кај многу поединци, пубертетот се продолжува или останува во облик на изразен инфантилизам. Ние среќаваме возрасни луге со детски лик или детски менталитет. Често пубертетот не завршува пред дваесеттата година од животот. Понекогаш пубертетот останува да живее со менталните обележја на вечно дете и покрај долгата брада и староста која предизвикува почит. Она што го одбележува периодот од пубертетот до зрелоста не е толку количникот на интелигенција, колку што е тоа емотивното и волевото држење. Накратко, може да се поддржи поставката дека вистинскиот криминалитет може да биде тесно поврзан со органската агресивност на пубертетот и дека е во суштина симптом на пубертетска криза”.*[14]

[14] *Henting,H.*(1959),Zlocin,uslovi I izroci,*Sarajevo:Naucna knjiga*,стр.171-172.

Сите тие скокови во физиолошкиот развој  кај младите лица предизвикуваат силно чувство на несигурност. Тие почнуваат повеќе да размислуваат за себе и, да мечтаат. Во желбата покрај силното чувство на физичка моќ, да ги развијат и сопствените психички сили, тие често се попречени од страна на авторитетите коишто токму затоа ги отфрлаат и критикуваат. Малолетникот сака да се идентификува со возрасниот човек во оние дејствија во кои дотогаш тоа не можел или не смеел да го прави, а тоа во прв ред се оние поведенија што се оценуваат негативно.  Поради тоа, се вели дека во тој период младинците преземаат лоши навики од возрасните побргу одошто би требало. Тоа е период окарактеризиран со внатрешна вознемиреност,  желба за патување и авантури, со силна емоционалност и нереална еротична насоченост спрема постари лица од спротивниот пол,  а мегусебното одбивање на половите од иста возраст.

Постпубертетскиот период кај девојчињата трае од 16 до 20 години, а кај момчињата од 18 до 24-та година од животот. Тоа е период во кој постепено доаѓа до синхронизирање мегу емоционалните и рационалните елементи во критичен реализам Постепено почнува да се признава авторитетот на возрасните луге, во прв ред во семејството. Со овој период завршува процесот на созревање на поединецот.

Покрај овој биолошки аспект  значаен е и социолошкиот аспект на младоста. Се претпоставува дека семејството му е од помош на младото суштество. Мегутоа наместо тоа, децата често се искористуваат од страна на семејството и се изложуваат на нови опасности. Родителите можат со поставување на исклучителни ограничувања да предизвикаат и исклучително спротивставување од страна на децата, а со претпоставувањето на едното дете пред другото, може  да го расточат единството на целото семејство.

Често семејството не е пристаниште каде што се одмораат душата и телото, туку легло на немири во кое цветаат судири и економска напнатост. Понекогаш, односот меѓу таткото и синот е позатегнат од односот до кој  би можело да дојде мегу детето и суровиот надворешен свет. Под вакви

околности, едно активно, здраво и многу чувствително дете, може да скршне од патот и да се лизне во криминал, а наспроти него-едно неагресивно, повлечено во себе, плашливо, воздржливо, несамостојно и неенергично дете, може да остане настрана од криминалитетот.[15]

Биолошкиот и социолошкиот аспект на младоста, се од извонредно значење, зошто токму во нив се поместени најзначајните околности за определувањето на кривичната одговорност на малолетниците. Со нивно посредство, во секоја земја, се определуваат горната и долната старосна граница на кривичната одговорност. Во некои западни земји и земјите со Common Law system, иако различно, секогаш е утврдена горната старосна граница која се движи од 15 до 21 година. Притоа, може да се каже, дека во просек како горна граница на кривична одговорност е прифатена возраста од 18 години[16].

Што се однесува до долната старосна граница на кривичната одговорност, карактеристично е тоа што голем број на земји воопшто не ја определуваат, а во оние во кои таа е утврдена најчесто изнесува 7 години. Според законодавствата на најголемиот број азиски и африкански земји кривичното малолетство настапува со навршени 7-9 години. Таков е случај во Ирак, Јордан, Либија, Сирија, Египет итн. Во најголемиот број европски земји (Германија, Швајцарија, Италија, земјите од поранешна Југославија, Унгарија и низа други), прифатени се 14 години како возраст кога настапува кривичната одговорност. И во скандинавските земји (Данска, Финска, Норвешка) и во некои федерални држави на САД, кривичното малолетство настапува на возраст од 15 или 16 години. [17]

Тоа значи, дека во тие земји за малолетен делинквент се смета секое лице кое извршило кривично дело, ако се наога на возраст мегу 7 и 18 години, со таа разлика што во некои земји од Азија и Африка, горната старосна граница е спуштена на 14, па дури и на 12 години, што се оправдува со побрзото ментално созревање на малолетниците во тие држави.

---

[15] Исто, стр.177-178.

[16]*Стојановски,Н.Сулејманов,З.*(2002),Социјална патологија, *Скопје*: *Југореклам*,стр.391.

[17] Исто,стр.391.

Календарското определување на малолетноста сепак има и свои слабости, бидејки тоа е само еден формален критериум кој не ја одредува доволно психофизичката и социјалната зрелост на малолетникот. На развојот на личноста, т.е. на нејзината социјална и био-психичка зрелост, покрај староста делуваат и други критериуми. Така на пример, некои лица порано созреваат од други кои се на иста возраст во зависност од социо-културната клима и индивидуалните карактеристики и услови. При донесувањето решенија, треба да се поаѓа од условите што владеат во секоја земја, без слепо да се копираат туѓи решенија. Најважно е секој случај да се разгледува индивидуално и во предвид да се има био-психичката и социјалната зрелост во спроведувањето на кривично-правниот третман. Затоа, високо поставената долна граница ( 14 години), не одговара на денешното темпо на созревање на младите во повеќе земји.

Со зголемување на животниот стандард и напредок на средствата за комуникација, нормално е да се очекува побрзо созревање и побрзо стекнување на нови сознанија. Оттука, старосните граници треба да служат само како еден патоказ за постапување со младите сторители на кривични дела, а поимот малолетници треба да се сфати пошироко од правно одредените старосни граници, подразбирајки ги под него сите членови на општеството, кои не постигнале биопсихичка и социјална зрелост.[18]

Во криминолошката наука, преовладува ставот, дека оваа класификација на старосните граници не треба да се напушта се додека не се добијат поинакви научни сознанија за корелацијата на санкциите и мерките за превоспитување со психофизичката зрелост на малолетникот.

### 1.3 Причини за појава на малолетничка деликвенција

Многу автори истакнуваат дека причините за појавата на малолетничка деликвенција се сложени и најчесто ги делат на неколку групи.

[18] Јашовиќ,Ж.(1988), Малолетничка делинквенција, Скопје:Правен факултет, стр.12-13

**Општествено економски причини -** Долготрајната општествено економска криза во државата, придонесува за осиромашување на општеството, што рефлектира со голем процент на невработеност на граѓаните и им оневозможува да ги задоволат своите основни потреби. Исто така, воените состојби во и околу државата, прилив на бегалци, миграции, тешкотии во функционирањето на правната држава и слично, претставуваат причини кои доведуваат до зголемување на психопатолошките појави, асоцијалното и криминогеното однесување на младите.

**Семејни причини -** Семејството како микро група во системот на општествената структура е институција преку која се остварува социјализација и формирање на личноста.

Во современото општество семејството е соочено со се поинтезивно слабеење на својата воспитна функција. Во одделни случаи семејството може да влијае негативно на развојот на младата личност доколку се:

- Пореметени семејните односи, односно постои презафатеност на родителите со бизнис или подолг престој во странство;
- Конфликт и насилство во бракот;
- Развод на брак;
- Доколку се случи смрт на родител или член од семејството;
- Присуство на алкохолозам, дрога или други зависности;
- Секаков вид на насилство, запоставување или занемарување на децата (глад,хигиена) и слично;
- Неповолните материјални услови во семејството, неможноста да се задоволат секојдневните потреби, како и зголемените потреби на младите, влијаат тие лесно и брзо да се вклучат во криминогените активности.Семејството како природна средина за развој на децата, треба да им се овозможи заштита, помош и атмосфера на среќа, љубов и благосостојба.

**Индивидуални карактеристики на личноста на малолетникот кои влијаат врз појавата на малолетничка деликвенција и тоа:** структура на личноста; тешкотии и проблеми во емоционалното и социјалното созревање на младите поради преживеани стресови; фобии – стравови;недостаток на самопочит; негативна идентификација (искривен модел); негативно влијание на врсниците и сл.;агресивни манифестации; депресија; намалена комуникативност; недоверба кон непознати; љубов или омраза; желба за доминација; пасивност; ограничени интереси; несигурност; некритичност; недоверливост; садистичко – первезни стремежи; намалена контрола на половиот нагон; отсуство на вина и срам и непочитување на авторитетите и слично;

## 1.4 Средина- фактор за појава на малолетничка деликвенција

Средината – фактор опфаќа влијанија на малолетникот како што е лошото друштво, улица, како и неорганизирано користење на слободното време т.е нивно подолго и почесто престојување во просториите за забава и угостителските објекти, каде се изложени на голем број негативни влијанија кои придонесуваат за нивно девијантно однесување. Адекватно и организирано користење на слободното време на младите придонесува кон:

- Пренасочување на вишокот енергија
- Градење на позитивни емоциии, етички ставови и вредности; Меѓусебно поврзување и создавање пријателства;
- Полесно прилагодување во средината на врсници;
- Организирано изразување на творечки способности
- Изразување на сопствените квалитети преку натпреварувачки дух;
- Напуштање на девијантни склоности;

Во услови на недоволно воспитување, насочување и укажување на вистинските вредности на младите и во отсуство на неадекватно ангажирање во слободното време, постојат реални предуслови тие полесно да станат престапници.

Влијанието на медиумите е секако за одбележување. Истите за комерцијални цели емитуваат ТВ и радио емисии од етички аспект со штетни содржини за младите, особено кога се прикажуваат подробностите во врска со начинот на извршувањето на кривични дела, свирепост, пукање, убивање, сексуални перверзии, лесен начин на стекнување со пари, распуштен и хедонистички начин на живеење и слично.

Исто така, недоволната ангажираност на училиштата и другите воспитно образовни институции т.е запоставената воспитна компонента е битен фактор и секако има свој придонес во зголемувањето на асоцијалното однесување на младите. Затоа велиме, дека училиштето е еден многу битен фактор во социјализација на младите, и се смета за продолжена рака на семејството. Тоа треба да е најорганизирана институција од воспитен карактер, која има посебни задачи во остварувањето на превенцијата на малолетничката деликвенција.

Неуспехот во училиштето е прв чекор за натамошни неуспеси и пат кон деликвенција, особено кога има поврзаност со бегства од наставата, што претставува и предходна фаза т.е воспитна запуштеност.

## 1.5 Карактеристики на малолетничката деликвенција

Во квалитативна смисла, малолетничката деликвенција од година во година покажува карактеристики на поголема агресивност. Агресијата како модел и стил на однесување е присутен кај младите кои често се анксиозни, фрустирани и со многу низок степен на толеранција, што се одразува и во зголемен број на физички напади во поново време меѓу средношколската младина од различна етничка припадност. Во минатиот период, зголемен е

бројот на малолетници кои се јавуваат како сторители на кривични дела со елементи на насилство, особено „разбојништва„.

Карактеристика на малолетничката деликвенција е и намалување на возраста кон помладите години, што е евидентно во изминатиот период, бидејки е зголемен бројот на учеството на децата како сторители на кривични дела. Ангажираност и злоупотреба на децата и малолетниците во вооружени судири е каректеристика на младите во настаните во последните години, што е очигледно.

Главна каректеристика на малолетничкиот криминалитет е рецидивизмот. Тоа е посебна категорија на криминогено однесување , што подразбира повторно извршување на кривични дела од едно лице. Рецидивизмот кај малолетниците е особено изразен во последните години, по што може да се констатира дека криминогеното однесување младите се почесто го прифаќаат како животна определба или свој стил на однесување.

Процентуално, учество на малолетниците во вкупниот број на извршени кривични дела е голем. Нивното учество е за одбележување во областа на имотните деликти, бидејки целта им е здобивање со материјална корист. Најголемо е нивното учество во одземање на патнички моторни возила, тешки кражби, разбојништва и сл. Вкупниот процент сторители повторници (за 2007 година е 87,7%), што загрижува и наметнува потреба за негово неопходно и итно решавање. Малолетниците повторници, најчесто произлегуваат од несредени семејства, во кој еден од родителите е сторител на кривични дела, нарушител на јавниот ред и мир, алкохоличар, живее во лоши материјални услови или во дисфункционални семејства.

За малолетничкиот криминалитет каректеристична е и нивната организираност т.е групно вршење на деликти**.** Групите најчесто се состојат од малолетници приближно на иста возраст, истите често се формираат случајно и по извршувањето на делата се растураат. Меѓутоа, има и групи кои дејствуваат подолго време, извршувајки серија кривични дела, така што по нивното откривање, односно при работата со малолетниците истовремено се

расчистуваат и голем број кривични дела извршени во подолг временски период.

Децата, како почетници при првичното извршување на деликтите тргнуваат со извршување на полесен вид на кривични дела и учествуват во групи со себе, а потоа се осамостојуваат и вклучуваат во извршување на кривични дела во група со врсници, така што извршуваат се потешки видови на кривични дела.

## 1.6. Историски осврт на малолетничката правда

Во најстарите облици на заедници, кон сите престапници се реагирало по начелото на талионот, крвната освета и другите ретрибутивни мерки. Со формирањето на државата како организиран облик на заедница и развој на цивилизациите, се појавува идејата за мерки со кои превентивно би се делувало на потенцијалните прекршители на воспоставените норми. Вакви размислувања наоѓаме во делата на античките филозофи, кои ги застапуваат идеите на превоспитување и поправање на делинквентите, како и потребата со престапникот да се постапува во согласност со неговите особини. Старовековното кинеско право ги чини првите легислативни дистинкции помеѓу третманот на младите и возрасните, пропишувајќи дека деца на возраст до седум години се казнено неодговорно, децата од седум до десет години биле предложени пред царот за помилување, додека за децата над 10 години биле предвидени поблаги казни.

Еден од најзначајните пишани споменици на римското право, Законот на XII таблици, содржел одредби за поблаго казнување на малолетници за две дела ( јавна кражба и оштетување на земјоделски плодови). Сепак, за првпат со Јустинијановата кодификација била поставена прецизна законска разлика помеѓу малолетниците (импутерс) и полнолетните сторители (туберс). Децата до седмата година биле казнено неодоговорни, додека децата од седум до десет години можело само исключително да бидат казнети, што зависело од нивните интелектуални способности. Децата од десет до четиринаесет години

( за малолетнички дванаесет години), се сметале за казнено одговорни со тоа што возраста се земала како олеснителна околност при казнувањето.[19] И покрај постоењето на јасно определени старосни граници, сепак овие норми немале голема практична примена, поради арбитрерноста на судовите кои постапувајќи според владејачката максима “ *милитиа суппле ацетате*”, најчесто ги изедначувале малолетниците во казнено-правниот третман за возрасните, притоа одредувајќи ги првите како криминалци во мало.

Средновековниот период, го карактеризира постоење на некодифицирано право, кое ги изедначува малолетните со полнолетните сторители, во кое според обичајните правила границата на полнолетството била поставена помеѓу дванаесетта и петнаесетта година од животот, повторно застапувајќи го начелото „ злобата ја надоместува возраста”! Сепак, во одредени закондавства биле предвидени сосема ретки исклучоци: познатиот кодекс Каролина (1532 година) освен во посебни исклучителни случаи ја забранувал примената на смртна казна за малолетници до четиринаесет години. Казнениот законик на Марија Терезија ја исклучувал одговорноста на деца помлади од седум години. Децата на возраст од седум до четиринаесет години, биле казнувани доколку при вршењето на делото пројавиле тешка злоба и знаци за сфаќање на делото.

Тосканскиот казнен законик, го воведува критериумот на разумност за малолетниците од дванаесет до четиринаесет години, додека малолетниците до дванаесет години биле исклучени од доменот на казнувањето и за нив биле предвидени само воспитни мерки. Концептот на разумност се сретнува и во германскиот Кривичен законик од 1871, кој предвидувал казнување на малолетник од дванаесет до осумнаесет години, но кој при сторување на делото постапувал со „разумност”, во спротивно кон него се применувале воспитни мерки. Наспроти единствената категорија на малолетници во

---

[19] *Кнежевиќ,С.(*2010), Малолетничко кривично право-материјално, процесно и извршно,*Ниш: Правен факултет,*стр.15

германскиот КЗ, италијанскиот од 1889 година предвидувале четири старосни граници со различни правни последици.[20]

Потребата за сестрано проучување на личноста на малолетникот започнува со појавата на учењето во позитивистичката и социолошката школа, чие влијание ќе придонесе за донесување на закони, кои предвидуваат широк спектар на мерки на општествена реакција кај малолетниците, кои во прво време биле од воспитен карактер и напуштање на критериумот на разумност, за сметка на поврзувањето на казнената одговорност со зрелоста. Во континенталното казнено право, процесот на диференцијација на малолетните делинквенти од казнено правниот систем на возрасните во XX век е финализиран со воведување на посебен систем на воспитни мерки, инспириран од идејата за воспитување, превоспитување и поправање.[21] Во 1901 тоа го предвидува Холандскиот кривичен законик, а Шведскиот закон за малолетници од 1902 година за прв пат ја најавува тенденцијата за одвојување на казнените одредби за малолетници во посебен закон, новина која ќе биде следена и од поголем број на европски земји.[22] Современите тенденции на постапување кон малолетните сторители на казнени дела, го афирмираа концептот на ресторативна правда наспроти ретрибутивноста. Современиот концепт на ресторативна правда заживува во моментот кога пунитивната реакција и социјалната исклученост започнаа да ги покажуваат своите недостатоци, согледани преку намалената сигурност, незадоволството и сомнежот во делотворноста на традиционалниот казненоправен одговор на криминалот на малолетниците. Токму затоа, ресторативната правда, односно надоместувањето и поправањето на штетата која им е нанесена на поединци-жртви на казненото дело,е насочена кон замена на традиционалниот правосуден систем. Ресторативната правда има за цел заштита на правата на жртвата, но посебната вредност е во тоа што малолетниците не влегуваат во

---

[20] *Jašović, Ž.(*1983), Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, *Beograd: Naučna knjiga,*стр.96.

[21] *Камбовски, В.* (2005),Казнено право-општ дел второ издание, Скопје:Култура,стр.1025.

[22] Исто,стр.1026.

правосудниот систем, со што се избегнува стигматизацијата и несаканите последици кои ги носи традиционалниот казнено правен одговор на малолетничкиот криминалитет.

## 2.Системот на малолетничка правда во Република Македонија

### 2.1 Развојот на малолетничка правда во Република Македонија

За поедноставно согледување на процесот на развојот на системот на малолетничка правда во Република Македонија, најпрво ке дадеме краток осврт на состојбата на положбата на малолетниците во казнениот систем кон крајот на XIX и почетокот на XX век во Кралството Југославија.

До создавањето на Кралството Југославија, на подрачјето на новосоздаденото кралство се користеле законски решенија за казнено правната положба на малолетниците, во кои се чувствувало силно влијание на реформските движења за третманот на малолетните лица.[23] Казнениот закон на Кнежеството Србија од 1860 година и Законот за судска постапка кај кривичните дела од 1865 година го означуваат почетокот на развојот на современото казнено законодавство на овие простори. Законот предвидувал казнена одговорност на лица над 12 години, доколку делото го сториле со разбор, додека старосноста граница на полнолетноста била поместена на 16 години. На малолетниците наместо смртна казна им се изрекувала казна затвор до 10 години, а за лицата до дваесет и една година се изрекувале казни во максимум траење до две третини од оние предвидените за возрасни сторители. За казнено неодговорните деца под 12 години, грижата за „казнувањето" за сторениот престап им била препуштена на родителите и учителите.[24]

---

[23] *Велкова,Т.*(2006), Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 1981-2000, *Штип:2-ри Август-С*,стр.72

[24] *Кнежевиќ,С.(*2010), Малолетничко кривично право-материјално, процесно и извршно,*Ниш: Правен факултет Ниш*,стр.16

Со донесување на Законот за присилно воспитување на малолетници од 1902 година во Хрватска, се создава клима за постапување не само малолетните сторители на казнени дела, туку и малолетници „ толку запуштени што мора да бидат заштитени од морална пропаст".[25] Присилното воспитување било спроведувано во семејството или во државен завод, до навршени 18 години, при што судот вршел упатување на оние малолетници кои сториле казнени дела, додека за воспитно запуштените малолетници, надлежен орган за упатување на малолетникот на присилно воспитување бил одделен старателски суд.

Вистински исчекор во развојот на казнено законодавство за малолетниците претставува Кривичниот законик на Кралството Југославија од 1929 година. Истата година е донесен и Законот за судска кривична постапка кој предвидувал „постапката против помладите малолетници (14-17 години) да се води пред суд за помлади малолетници, како суд со посебна надлежност, во рамки на редовниот суд"[26] Во Кривичниот законик бил предвидени воспитни мерки укор, препуштање на малолетникот на „домашно или училишно казнување", воспитна мерка „воспитување во подобно семејство" и заводски мерки.

По Втората светска војна, донесен е првиот кодифициран казнен законик- Општиот дел на кривичниот законик од 1947 година малолетниците на возраст од четиринаесет до осумнаесет години ги класифицирал во две групи: казнено одговорни и казнено неодговорни, поделба направена врз основа на критериумот на разумност. За првите биле предвидени казни (со исклучок на смртната казна), додека за вторите биле резервирани воспитните мерки.

Со Кривичниот законик од 1959 година, постигнат е значителен напредок во изградбата на статусот на малолетниците во системот на казненото право. Со овој закон, дефинитивно се напушта начелото на разумност, се воведува концептот на заштита и помош на малолетникот, преку негово воспитување,

---

[25] *Велкова,Т.*(2006), Феноменологија на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија во периодот 1981-2000, *Штип:2-ри Август-С*,стр.75

[26] *Кнежевиќ,С.(*2010), Малолетничко кривично право-материјално, процесно и извршно,*Ниш: Правен факултет Ниш*,стр.17.

превоспитување и надзор. Стореното казнено дело, е само појдовна точка за понатамошно планирање и преземање на соодветни активности во чиј фокус е личноста на малолетникот и неговиот најдобар интерес. Во овој закон, одредбите кои се однесуваат на малолетниците, се систематизирани во посебна глава и имаат карактеристични специјални одредби во однос на општите одредби од Кривичниот законик. Воспитните мерки се основни санкции и за двете категории на малолетници ( помлади од 14 до16 години и постари од 16 до 18 години), а казната малолетнички затвор се изрекува само исклучително. При изрекување на воспитната мерка, судот првенствено тргнува од личноста на малолетникот и од потребата за негова заштита и воспитување. Овој закон, како новина ја воведува и категоријата на помлади полнолетни лица, со која се опфатени лицата кои за време на судењето не се постари од 21 година и за кои под одредени услови може да бидат изречени и воспитни мерки пропишани за малолетници.

Кривичниот законик од 1959 година е основа на современиот малолетнички казнен систем, чии решенија во најголем дел се прифатени и во Кривичниот законик на СФРЈ од 1977 година, а потоа и во Кривичниот закон на Република Македонија од 1996 година.

Кривичниот закон на самостојна Република Македонија од 1996 година ги задржа придобивките на современите научно-теоретски гледишта за заштита, помош и грижа на малолетните сторители, а сите одредби кои се однесуваат на малолетниците беа систематизирани во посебна VI глава од Законот. Согласно со одредбите од Законот на малолетните сторители на казнени дела, можело да им се изречат воспитни мерки: дисциплински ( укор и упатување во дисциплинкси центар), мерки на засилен надзор ( од страна на родител, во друго семејство или од страна на социјален орган) и заводски мерки (упатување во воспитна установа и упатување во воспитно поправен дом). На малолетник кој во времето на извршување на казненото дело наполнил 16 години, а не наполнил 18 години ( постар малолетник), можело да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок и казна малолетнички затвор. На малолетник не можело да му се изрече судска опомена или условна осуда, но

под условите шти ги предвидувал Кривичниот законик од 1996 година на малолетниците можело да им се изречат мерки на безбедност. Освен посебното систематизирање на одредбите, овој закон сепак не донесе некои особени новини во поглед на решавањето на прашањето на казнено правниот статус на малолетниците. Одредени измени во поглед на системот на санкции на малолетници, беа направени со новелата на Кривичниот законик од 2004 година, со кој репертоарот на казните е проширен со протерување на странец од земјата и забрана на управување со моторно возило. Како нови санкции се предвидуваа и алтернативни мерки: условно прекинување на кривичната постапка и општокорисна работа. Овие измени со кои малолетничкото казнено право се приклучува кон современите тенденции на третман на малолетните сторители на казнени дела, беше вовед во потемелна реформа која беше заокружена со донесувањето на Законот за малолетничка правда во јули 2007 година.

Законот за малолетничка правда е поставен врз владејачките принципи за положбата на малолетникот во системот на казненото право и концептот за четири Д (diversion, de-judiciarisation, de-institutionalisation, due process)[27].Овие принципи всушност ги обединуваат препораките поставени во Конвенцијата за правата на детето, при што особено се истакнува принципот за најдобар интерес на дететот, кој особено се афирмира при администрацијата на малолетничката правда, особено кога се потенцира дека малолетниците треба да бидат третирани на начин кој обезбедува промовирање на нивното достоинство, индивидуалната вредност и грижата за човековите права на децата, водејќи сметка за годините на детето и неговите специфични потреби.[28] Во тој контекст и Законот за малолетничка правда предвидува *„примената на мерките и санкциите определени со овој закон и*

[27] Најчевска,М.(2008), Најдобриот интерес на детето во системот на малолетничка правда , Скопје:Полициска академија,стр.25.
[28] Исто стр.25.

*постапувањето со малолетникот да се подредени во негов интерес за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој*."[29]

Законот за малолетничка правда, доследно одговори на барањата за унапредување на положбата на малолетниците во системот на казненото право и усогласување со одредбите и препораките од меѓународните норми и стандарди, за статусот и правата на малолетниците. Сепак, вистинското заживување на Законот во пракса, претпоставува промени во повеќе професионални институции и стручни профили, пред се центрите за социјална работа, каде е неминовно унапредувањето на просторно-техничките услови, како и обученоста и бројот на стручниот кадар кој работи на оваа проблематика.

## 2.2 Категории на малолетници

Законот за малолетничка правда, решавајќи го проблемот на малолетноста преку возраста на сторителот на казненото дело, како казнено правен критериум, предвиде и една нова категорија „дете во ризик" ( деца кои наполниле 7, но не наполниле 14 години), која ја отвори можноста за спроведување на општествената реакција во фазата на предделиктното постапување со децата и малолетниците, преку мерки, програми и постапки кои обезбедуваат предделиктно постапување и отстранување на причините и условите кои објективно и субјективно ги доведуваат децата и малолетниците од ситуација на потреба од заштита, згрижување и помош. Во чл.12 став 2 се определува : ***"дете во ризик"*** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, наполнил седум, а не наполнил четиринаесет години, дете во ризик се смета и малолетник до 14 годишна возраст – зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете - жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете, кое се наоѓа во таква

[29] Закон за малолетничка правда ( Службен весник на Република Македонија бр.87/2007, 103/2007, 161/2007 и 145/2010)

ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување или се оддало на питање, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот. На сличен начин законски се определени и категориите помлад малолетник во ризик и постар малолетник во ризик.[30] Со воведувањето на новите законски категории, се зголемува интервалот на општествента реакција ( деца на возраст од 7 до 14 години), со што покрај проширувањето на досегот на опфатена популација, зголемени се и законските овластувања за квалитативно унапредување на превенцијата.

Во поглед на терминолошкото диференцирање на казнено одговорните малолетници, Законот за малолетничка правда, предвидува две категории: ***"помлад малолетник"*** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок, имал наполнето 14 години, а немал наполнето 16 години, **"*постар малолетник*"** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определно како кривично дело или прекршок, наполнил 16 години, а не наполнил 18 години.

Како категоријата со посебен режим од аспект на можноста на изрекување на санкции за малолетнци на полнолетни лица во Законот за малолетничка правда, е предвидено ***"помладо полнолетно лице"-*** лице кое во времето на пресудувањето за кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.

### 2.3 Системот на санкции за малолетници

Посебниот приод кој Законот на малолетничка правда го има кон малолетните сторители на казнени дела, се должи на психофизичката состојба, возраста на малолетникот и зрелоста да ги сфати последиците од сопствените дејствија. Со ваквиот приод, се акцентира благосостојбата на

[30] Исто.

детето и малолетникот и се предвидува дека при секое постапување со малолетникот, мора да се води сметка за заштита на интересите на малолетникот и да се оствари придонес во процесот на воспитување, односно превоспитување и негов правилен развој.[31] Малолетничкиот казнен систем, како формална компонента од поширокиот концепт, кој освен што предвидува активна улога на заедницата во превенирање на малолетничката делинквенција, ги опфаќа и органите и телата како полицијата, обвинителството, центрите за социјална работа, образовние и казнените установи. [32] Тенденција на законодавецот е од предвидените мерки и санкции, предност да се даде на превентивните, заштитните и воспитните мерки, а казните да се изрекуваат како исклучок.[33] Оттука, специфичностите на системот на малолетничка правда се главно концентрирани во неговиот систем на санкции.

За сторено казнено дело од страна на малолетник, може да се изрече една од следниве санкции: воспитни мерки, казни или алтернативни мерки, а под условите предвидени со Кривичниот законик спрема малолетник кон воспитната мерка или казната, може да се изрече мерка на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, или задолжително психијатриско лекување на слобода или задолжително лекување на алкохоличари и зависници. Законот за малолетничка правда, предвидува посебни услови за изрекување на санкциите во зависност од возраста на малолетникот: на помлад малолетник за дејствие што со закон е определено како кривично дело, можат да му се изречат само воспитни мерки, а на постар малолетник, за дејствие што со закон е определено како кривично дело, можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка, а може и да биде ослободен од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.

---

[31] Исто.

[32] Бужаровска, Г.(2008), Зборник на трудови Малолетничка правда : од идеја до практика,Скопје: Полициска академија,стр.86.

[33] Закон за малолетничка правда ( Службен весник на Република Македонија бр.87/2007, 103/2007, 161/2007 и 145/2010).

### 2.3.1 Воспитни мерки

На малолетникот сторител на кривично дело, може да му се изречат следниве воспитни мерки и тоа: дисциплински мерки, мерки на засилен надзор и заводски мерки.

**Дисциплински мерки - Укор**

Укорот судот го изрекува ако е доволно само прекорување на малолетникот за стореното кривично дело. При изрекувањето на укорот на малолетникот му се укажува на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на повторно извршување на кривично дело, спрема него може да биде изречена друга кривична санкција.

**Упатување во центар за малолетници**

Судот ја изрекува мерката упатување во центар за малолетници, кога е потребно со соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на малолетникот. Малолетникот се упатува во центарот за малолетници на следниов начин:

- на определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични дена едноподруго;
- на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или
- на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.

При изрекувањето на оваа мерка, судот води сметка за тоа со нејзиното извршување малолетникот да не изостане од редовната настава во училиштето, и во центарот малолетникот да врши работи што одговараат на неговата психофизичка состојба. Судот може да определи за време и по извршувањето на оваа мерка, малолетникот да се стави под засилен надзор на центарот за социјална работа, за период не подолг од шест месеца.

**Мерки на засилен надзор**

***а) Засилен надзор од страна на родителите или старателот***

Судот ја изрекува мерката на засилен надзор од страна на родителите или старателот, ако родителите или старателот пропуштиле, а се во можност да вршат надзор над малолетникот. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка, им

наложува на родителите или на старателот одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на малолетникот, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства. При изрекувањето на оваа мерка, судот определува центарот за социјална работа да го следат нејзиното извршување и да дадат помош на родителот или старателот. Преку следење на оваа мерка од страна на центарот за социјална работа, судот одлучува за престанокот на ова проверување, со тоа што тоа не може да трае помалку од една година ниту подолго од три години.

***б) Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство***

Ако родителите или старателот на малолетникот не се во можност да вршат надзор над него, или ако тоа основано не може да се очекува од нив, малолетникот ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе запре кога родителите или старателот на малолетникот ќе се здобијат со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор. Со изрекувањето на оваа мерка, судот ќе определи центарот за социјална работа да го следи и проверува времетраењето на нејзиното извршување и да му ја укаже потребна помош на семејството на кое што му е предаден малолетникот.

***в) Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа***

Ако родителите или старателот не се во можност да вршат засилен надзор над малолетникот, а не постојат услови за предавање на малолетникот на згрижувачко семејство заради вршење на ваков надзор, малолетникот ќе се стави под надзор на центарот за социјална работа, како орган за старателство. Судот дополнително одлучува мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една, ни подолго од три години. За времетраењето на мерката, малолетникот и натаму останува да живее кај своите родители или други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши центарот за социјална работа. Ако малолетникот не може да

остане во семејството во кое живеел, центарот за социјална работа, го сместува во воспитна установа која ќе се грижи за неговото школување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

Исто така, кон воспитните мерки на засилен надзор, судот може на малолетникот да му одреди една или повеќе посебни обврски, ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка и тоа:

- да му се извини лично на оштетеното лице;
- да ја поправи или надомести штетата предизвикана со кривичното дело;
- редовно да го посетува училиштето;
- да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила;
- да прифати работа;
- да му забрани употреба на алкохолни пијалоци, дрога и други психотропни супстанции;
- да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште;
- полезно да го користи слободното време;
- да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност;
- да се подложи, остручи и преквалификува, заради задржување на работното место што го зазема или за создавање на претпоставки за вработување;
- да овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува;
- да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација и
- да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение, со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи.

Центарот за социјална работа, врши постојан надзор и му помага на малолетникот во исполнувањето на одредените обврски, соработува со родителите, односно старателот и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски. На предлог од центарот за социјална работа, судот ѓи укинува посебните обврски.

**Заводски мерки Упатување во воспитна установа**

Оваа мерка судот ја изрекува кога на малолетникот треба да му се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица (со стручна и училишна подготовка за воспитувачи), заради воспитување, превоспитување и правилен развој. Во воспитната установа малолетникот останува најмалку шест месеца, а најмногу три години.

**Упатување во воспитно-поправен дом**

Малолетникот спрема кој се применуваат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот го упатува во воспитно-поправен дом. При одлучувањето дали ќе се изрече оваа мерка, судот ја зема во предвид тежината и природата на стореното дело и околноста дали спрема малолетникот порано биле изрекувани воспитни мерки или казна малолетнички затвор. Во воспитно-поправниот дом малолетникот останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнета 23 година.

На малолетен сторител на казнено дело, може да му се изречат следниве воспитни мерки: дисциплински мерки, мерки на засилен надзор и заводски мерки.

Дисциплински мерки се изрекуваат спрема малолетник кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако делото го сторил од непромисленост или лекоумност. Мерки на засилен надзор се изрекуваат спрема малолетник кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од дотогашната средина. Заводски мерки се изрекуваат спрема малолетник кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина. Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години.

## 3. Улогата на центарот за социјална работа во извршувањето на воспитните мерки

Центарот за социјална работа, има значајна улога и сложени задачи во комплексната заштита на малолетните сторители на казнени дела. Задачите на центарот во постапувањата со оваа категорија на малолетници, можат да се сведат на две подрачја на делување, кои заемно се поврзани:

- откривање, проучување и избор на мерки и третман на малолетниците со асоцијално и антисоцијално поведение, односно воспитно запуштени или сторители на казнени дела;
- организаторско - координативна дејност во процесот на ресоцијализација.

Навременото откривање - детекцијата на малолетниците со асоцијално или престапничко поведение, правниот избор и навременото изрекување и спроведување на воспитните мерки, непосредно влијаат на ефикасноста на надлежните институции за третман на појавата на малолетничката делинквенција и се разбира на одделните конкретни носители.

Во казнено-правна смисла, во постапката со овие малолетници, центарот за социјална работа, има помала надлежност во однос на судот, но од аспект на неговата улога како орган на старателство и стручна служба за социјална заштита, тој е рамноправен субјект со судот.

Заради тоа, во подготвителната постапка покрај јавното обвинителство и судот учествува и центарот, па според тоа, изборот на мерката зависи од сите чинители заедно. Со оглед на фактот што при изборот на мерката императивно треба да се имаат во вид севкупните услови на развојот на малолетникот, неговата личност - достигнатото ниво на социјална, емоционална, интелектуална и физичка зрелост, во тој контекст се содржани и релевантните критериуми за избор на мерки, кои најрелевантно може да ги респектира стручен тим во состав од социјален работник, педагог и психолог. Проучувањето на напред наведените услови на развој и особини на личноста, има големо значење за прогнозата на натамошното поведение и позитивно

насочување на процесот на социјализацијата на секој конкретен малолетник и се разбира на одлуката на судот за избор на воспитна мерка.

Освен во дијагнозата на случајот и изборот на воспитните мерки, центарот има редица задачи во нивното извршување и следење на ефектите од нивната примена. Извршувањето на вонинституционалните и следењето на заводските воспитни мерки, не е факултативна, туку е со закон определена задача на центарот.

Во извршувањето на вонинституционалните мерки на ресоцијализација на малолетниците, центарот изготвува план и програма за третман, спроведува советодавна и советувалишна работа со малолетникот, родителите и други учесници во реализацијата на воспитните мерки; врши надзор на извршувањето на задачите на другите учесници во реализацијата на мерките; ги упатува малолетнниците во воспитни установи; го известува судијата за малолетници за резултатите и ефектите од спроведувањето на воспитните мерки или дава предлози за запирање или промена на воспитната мерка, и на крајот го организира прифатот на малолетниците по напуштањето на воспитната установа и работи на создавање на услови за нивна социјална интеграција.

Мерките кои го придржуваат процесот на ресоцијализација, а кои произлегуваат од задачите на центарот и се разбира реалните потреби, индивидуално различни меѓу одделните малолетници, можат да бидат разновидни. Меѓутоа, тие во основа се протегаат во обезбедувањето на материјална помош, помош во оспособување за работа,помош во школување и вработување, помош во подобрување на семејните односи во семејството на малолетникот и во подобрување на односите во неговите други референтни групи.

Покрај непосредното учество во спроведувањето на широкиот спектар од напред наведените и други мерки од доменот на социјалната терапија, центарот покренува низа иницијативи и учествува во координативните активности со други релевантни дејности и субјекти во комплементарно содејство. Мошне значајна задача на центарот, како за ресоцијализација на

индивидуалните носители на поведението на воспитна запуштеност и малолетничко престапништво, така и на превентивен план за сузбивање на овие социјално патолошки појави, е координацијата на субјектите во локалната заедница.

### 3.1. Општи принципи на извршување на воспитните мерки

Целта на третманот на малолетниците на кои им е изречена воспитна мерка, е нивната ресоцијализација, поим кој е условен од поимот на социјализација и кој означува процес на развој на личноста, во кој таа го учи она однесување кое општествената средина го одобрува и прифаќа, потиснувајќи ги асоцијалните, антиопштествените облици на поведение, кои средината ги жигосува како неприфатливи, бидејќи ги погодува интересите на заедницата и поединецот и го попречува социјалниот развој на носителот на таквото поведение.[34]

Процесот на социјализација на личноста, е особено сложен и комлексен и опфаќа низа на чинители кои се стекнати со помош на социјалното учење, влијанието од средината, како и конституционално-развојните фактори на личноста, од кои во одредена мерка зависи и самата социјализација.

Социјализацијата може да се разгледува во пошироко и потесно значење, при што, првото кое го подразбира процесот на развој на личноста во општествената средина во која се учи поведението, ги опфаќа и оние видови на однесување кои се асоцијални и неприфатливи за средината, додека второто потесно значење на социјализацијата се однесува на учење и прифаќање на она однесување кое во заедницата е одобрено и посакувано, при што поимите на социјализација и воспитување се изедначуваат.Врз основа на вака дефинираната социјализација, ресоцијализацијата се означува како

[34] Milovanovič, M.(1986), Područja socijalnog rada, Beograd:Zavod za udžbenike I nastavna sredstva,стр.97.

еден вид на социјализација со одредени специфичности.[35] Антиципирајќи ја претходната одредба на поимот на социјализацијата, под поимот на ресоцијализација се подразбира такво формирање на личноста со кое преку процесот на учење, од една страна се развиваат позитивни облици на поведение во општествениот живот ( меѓусебни односи, ставови, вредности, размислувања, интереси и сл.), а од друга страна се потиснуваат и се искоренуваат веќе стекнатите негативни навики и особини, кои се манифестираат низ асоцијалното и неприфатливото поведение на личноста.

Процесите на социјализација и ресоцијализација, иако не се идентични, сепак се тесно поврзани и стојат во корелација на општото ( социјализација) и посебното ( ресоцијализација).

Праксата на постапување со малолетници на кои им е изречена воспитна мерка, е насочување на нивниот социјален развој, пред се стимулирање на позитивните особини, интереси, аспирации, желби, давање помош во развојот на општествената одговорност, а од друга страна корекција на негативните особини и навики. Преку третманот од страна на стручните работници, при извршувањето на воспитните мерки, малолетникот треба да го измени својот став кон општеството и критички да се проценува себе си и своето однесување. Со оглед на тоа што малолетникот е личност во развој, се уште подложна на силни влијанија од надворешните и внатрешните фактори, процесот на ресоцијализација во голема мерка зависи и од постапувањата на стручниот тим на центарот, кои со примена на методи и постапки кои се прилагодени на личноста и возраста на секој малолетник посебно, ја насочуваат личноста на малолетникот во нормалните текови на социјалниот развој. При тоа, имајќи во предвид дека малолетникот припаѓа на возраст за која се карактеристични интензивни емоционални, физички и сексуални промени, третманот мора да се спроведува во согласност со принципите на извршување на воспитните мерки, кои претставуваат единствена целина, бидејќи се во директна меѓусебна поврзаност:

---

[35] *Камбовски,В.*(2005), Казнено право-општ дел второ издание, *Скопје:Култура,*стр.1044.

1. Принцип на научност- овој принцип ја изразува потребата од научно базирана пракса на извршување на мерката и претпоставува неминовна примена на научни достигнувања, сознанија и барања во третманот на малолетниците. Овој принцип, подразбира и создавање на услови и можности за сопствена научна продукција во процесот на ресоцијализацијата. Имајќи го предвид фактот, дека процесот на развој на научната мисла, прогресивно се забрзува, принципот на научност подразбира константна, отворена и повеќенасочна размена на научни сознанија помеѓу дисциплините кои се занимаваат со ресоцијализација, како и постојано едуцирање, надградување и размена на искуства на стручните лица кои работат на полето на малолетничката делинквенција.
2. Принципот на почитување на личноста на малолетникот, ја подразбира грижата за трајните интереси на малолетникот и прифаќање на малолетникот онаков каков што навистина е, со сите негови потенцијали и слабости. Паралелно со отстранувањето на слабостите на малолетникот преку професионален, стручен и коректен однос, треба да се работи и на откривање на постоечките потенцијали на малолетникот, со цел нивно активирање и развој.
3. Принципот на индивидуализација, произлегува од посебноста на личноста на секој малолетник. Овој принцип наложува процесот на ресоцијализација, целите, задачите, како и видот, бројот и начинот на применување на методите и техниките во текот на третманот, постојано да се прилагодуваат на потребите, можностите и индивидуалните специфичности на малолетникот, а не обратно.
4. Принципот на природност на условите на извршување на мерката, особено доаѓа до израз, после многубројните истражувања кои недвосмислено ја потврдуваа штетноста на долготрајниот живот и работа во услови на релативна изолација и сегрегација. Особено се инсистира на почитување на овој принцип поради појава на феноменот на социјализација на заводските услови на живот, како и

стигматизацијата, што особено го попречува текот на социјалната реинтеграција на малолетниците по напуштање на установата.

5. Принципот на сестраност, ја налага потребата од спроведување на комплексна програма за третман на малолетникот. Овој принцип, исто така, наложува во проучувањето, анализирањето и надминувањето на проблемот на малолетничката делинквенција, да бидат земени во предвид сите релевантни аспекти на секој конкретен случај, разгледувани мултисекторски од страна на стручни лица од различни профили.
6. Принципот на координација, е во корелација со почитувањето на принципот на сестраност, односно надминување на ситуациите кога поради вклучување на различни стручни профили во работата со малолетникот, се случува парцијализација, а понекогаш и сосема спротивставени наоди. Затоа е потребно, активностите на сите релеванти стручни лица и институции да бидат синхронизирани, координирани и меѓусебно усогласени.
7. Принципот на реалност, всушност ја истакнува потребата програмата за извршување на воспитната мерка да биде изготвена на реална основа, односно да се води сметка за реалните можности и ограничувања на секој поединечен малолетник и постојните општествени и социјални услови. При подготовката на програмата, овој принцип треба особено да биде апострофиран, бидејќи во спротивно третманот нема да ги даде очекуваните и посакуваните резултати.
8. Принципот на професионална тајна, ја истакнува должноста на стручното лице за чување на тајноста на информациите до кои доаѓа во работата со малолетникот, односно дека овие податоци може да се користат исклучиво за професионални цели и во контакт со останатите стручни лица од тимот.

### 3.2 Фази на стручна работа со малолетници

Процесот на стручна работа со малолетните сторители на казнени дела во центрите за социјална работа, се одвива во следниве основни фази:

1) откривање на случајот;
2) проучување и дијагностика на случајот;
3) третман на случајот; и
4) следење и евалуација на ефектите на третманот.

*1) Откривање на случајот*

Правилниот избор и навременото изрекување на воспитни мерки, претпоставува и навремено откривање на секој поединечен случај. Во теоријата и практиката, потврдено е дека третманот на овие деца и млади, е многу поуспешен доколку навреме се воочат почетните проблеми во социјалниот развој на малолетникот и се откријат пореметувањата во однесувањето. Во детектирањето на малолетниците со делинквентно поведение, учествуваат повеќе субјекти: родителите, соседството, училиштето, обвинителството, органите за внатрешни работи, судијата за малолетници и други. Добиените информации за малолетниците од одделните горенаведените наведени субјекти, не се секогаш потполни и доволно точни. Тоа во некои случаи се должи на субјективност, во други на недоволна стручност, поради што добиените податоци треба внимателно да се проверат и да се утврди нивната егзактност.

Во литературата за малолетничката делинквенција од овој аспект, направена е глобална класификација на малолетниците според изборот на пријавата на:

- Прва група на деца и младинци за чие поведение знаат само родителите, од кои најголем број бараат помош во центарот за социјална работа. Овие родители најчесто не се во можност да ја согледаат суштината на промените во однесувањето на детето и единствено ги гледаат причините за негативното однесување во

лошото влијание на другарите и средината. Меѓутоа, родителите многу ретко ги пријавуваат престапите на своето дете кои се инкриминирани со казненото законодавство, чии последици во најголем дел имаат карактер на санкции и казнување, отколку што се мерки од воспитна природа. Истовремено, однесувањето на своето дете, родителите го доживуваат како нарушување на семејниот углед и граѓанскиот кодекс. Спротивно од тоа, кога се работи за полесни облици на општествено - негативно однесување, како што се непослушност, кавги, поткраднување на родителите, бегање од дома, бегање од училиште, скитање, безделничење и слично, родителите во најголем број случаи бараат стручните работници од центарот, да преземат некои мерки за таквото однесување на нивното дете.

- Втора група на деца и младици се оние чиешто поведение им е познато на органите на прогонот, обвинителството, судот, училиштето, па и на центарот за социјална работа во општината каде што живеат.

Откривањето на децата и младинците со асоцијално поведение од било кој вид, треба да биде организирано и континуирано да се спроведува. Во тој контекст, центарот преку постојан контакт со наведените општествени чинители односно училиштата, треба да настојува за навремен опфат на малолетниците со манифестации на делинквентно однесување, според критериумите за нивното препознавање. Комуникацијата на центарот на ниво на општината со општествените фактори, значајни за воспитната запуштеност и малолетничката делинквенција, се остваруваат најчесто преку социјалниот работник задолжен за работа на малолетничка делинквенција, а поретко и преку другите членови -учесници во тимската работа.

*2)Проучување и дијагностика на случајот*

Проучувањето на малолетникот започнува по добиената пријава од одреден субјект или известување од јавниот обвинител за покренување на

подготвителна постапка за изрекување на воспитна мерка, за коригирање на поведението. Тоа претпоставува организирана интердисциплинарна и плански насочена активност за испитување на личноста, со цел да се утврдат причините кои довеле до неприлагодено однесување на малолетникот, но и процена на неговите позитивни особини кои можат да се искористат во неговото превоспитување. Организацијата и спроведувањето на интердисциплинарната работа, треба да ги опфати сите етиолошки фактори од социјален, педагошки и психолошки аспект, а во контекст на целокупната животна ситуација на личноста на малолетникот. Познато е дека животниот пат и особините на личноста на малолетникот по правило имаат влијание на настанатата положба од социјална потреба. Поради тоа, добивањето на целосни релевантни информации за одделните лични, средински и други статусни белези на малолетникот за социјалниот работник, педагогот и психологот, имаат особено значење во дијагностицирањето или квалификацијата на секој случај. Изборот на воспитните мерки за кривично одговорните малолетници и третманот за воспитно запуштените и кривично неодговорните малолетници, се базира врз индивидуално проучување на секој малолетник посебно. Заради тоа, иако судот има одлучувачка улога во казнената постапка со малолетниците, при изрекувањето на воспитните мерки, неговата ефикасност во голема мера зависи од ангажираноста на центарот за социјална работа, во проучување и определување на видот на мерката. Имено, наодите на одделните стручни кадри од центарот, синтетизирани во извештајот за малолетникот, со предлог на воспитна мерка, имаат значајно влијание на дефинитивното определување на судијата за малолетници за видот на воспитната мерка. Според тоа, иако центарот не изрекува воспитна мерка, тој има непосредно влијание на политиката на изрекување на воспитни мерки, и во рамките на својата надлежност одлучува за облиците и мерките на социјална и старателска заштита за секој малолетник поодделно. Тука посебно треба да се нагласи значењето на соработката и координацијата меѓу обвинителството, судијата за малолетници и центрите, кои партиципираат во подготвителната постапка и изрекувањето на воспитни мерки. Навременоста и

итноста на постапката, бараат реагирање на институциите и органите учесници во дијагностичко прогностичкиот процес, со добра организираност и прецизно поделени задолженија на одделните стручни профили во центарот за социјална работа. Тоа особено се однесува на проучувањето и дијагностицирањето на децата во ризик и на малолетниците во ризик за кои центрите за социјална работа, во изборот на облици и содржини од воспитен карактер и мерки на социјална заштита е автономно надлежен.

*3) Третман на случајот*

Третманот како општ поим, претпоставува план за работа со одредена личност, чија цел е насочување и развивање на нејзините позитивни особини, па според тоа третманот е процес на насочување и водење.[36] Индивидуалниот третман, како поим, опфаќа помош на личноста да развие сопствено чувство на општествена одговорност или тоа чувство повторно да го стекне доколку го изгубила. Чувството на општествена одговорност во тој контекст е квалитет кој секоја индивидуа го добива со одгледувањето и начинот на живот во сопствената средина, со социјализацијата и стекнатите искуства во општествената заедница. Значи, содржините на третманот се лоцирани на подрачјата на социјализацијата и ресоцијализацијата на личноста.

Центарот за социјална работа, има централно место во третманот на малолетниците со деликвентно поведение, бидејки непосредно остварува најмногу од активностите во процесот на ресоцијализацијата, како во непосредната работа со малолетниците и нивните семејства, така и со субјектите кои делуваат како агенси и фактори во процесот на ресоцијализација. Во рамките на задолженијата во извршувањето на воспитните мерки, стручната мултидисциплинарна (социјална, педагошка и психолошка) работа има посебни задачи, како што се: изготвување на програма за третман; упатување, советување и инструкција на родителите, малолетникот и другите учесници во процесот на остварување на воспитните

[36] Stakič,Đ. Milovanovič, M.(1991), Metode socijalnog rada, Beograd: Stručna knjiga,стр.75.

мерки; надзор над извршувањето на доверените задачи во реализација на воспитните мерки; комуницирање и упатување во воспитна установа; работа со малолетникот, семејството и локалната средина; известување на судот за резултатите од остварувањето на воспитните мерки; прифаќање на малолетникот после излегувањето од воспитна установа и слично.

Во основа третманот се лоцира на следниве подрачја:

- работа со малолетникот (директен третман или менување на личноста на малолетникот ),
- работа за малолетникот во социјалната средина, институции и установи. ( индиректен третман или менување на средината и условите на живот).

Оваа поделба, поаѓа од факторите на социјализацијата на личноста на малолетниците и аналогно на тоа третманот го насочува кон секој од тие фактори поединечно, но и воедно кон нивното заемно дејство како агенси во одвивањето на овој процес. Методите на работа во извршувањето на воспитните мерки се така конципирани, да го опфаќаат како непосредното влијание на самиот малолетник, така и посредното делување на малолетникот преку ( непосредно) делување на средината на малолетникот (обезбедување на услови за правилен развој и воспитување и средување на приликите во семејството).[37] Потребата од двата пристапи, нивната меѓусебна зависност и дијаликтичкото единство, не дозволуваат во пракса јасно да бидат разграничени.

*а) Работа со малолетникот (директен третман или менување на личноста на малолетникот )*

Работата со малолетникот е непосредна - директна и обично во методиката на стручната работа со малолетните лица од предметната категорија се нарекува "*директен третман* , односно третманот на менување на личноста на малолетникот или третман во вистинско значење,[38] ја означува онаа насока на делување кога дејствијата и влијанијата кои ги презема

[37] Исто
[38] *Stakič, Đ.*(1991),Metode socijalnog rada, *Beograd: Stručna knjiga*, str.64.

стручното лице се насочени непосредно, директно на самиот малолетник, а како ефект се појавува промена на односот на малолетникот кон самиот себе си и кон средината.

Всушност, сите мерки кои ги преземаат одделните профили од стручниот тим или водителот на засилениот надзор, непосредно се насочени на самиот малолетник, со цел да се влијае за промени на малолетникот во однос на самиот себе и неговата средина. Со овие влијанија, треба да се дојде до промена или формирање на нови ставови, отстранување на евентуални конфликти во личноста и со крајна цел воспитно делување за насочување кон позитивни општествени вредности. При тоа, ова влијание ја подразбира интеракцијата меѓу водителот, малолетникот и средината, што шематски се прикажува на следниов начин:




Работата со малолетникот во основа опфаќа:

- работа на образование и работно оспособување;
- работа на организирање на слоботното време;
- работа во подрачјето на односите со врсниците и другарите на малолетникот.

*Образование и работно оспособување,* подразбира влијание врз малолетникот за јакнење на мотивацијата за учење, совладување на отпор кон учењето, организирано, планско и рационално учење и професионално насочување.

*Организирањето на слободното време,* се состои во насочување и мотивирање на малолетникот кон избор на форми и содржини за користење на слободното време, сообразно на неговите специфични развојни

карактеристики и потреби. При тоа, треба да се води сметка формите и содржините да подразбираат активно и инвентивно користење на слободното време. Овие влијанија треба да се спроведуваат во содејство со семејната средина, поаѓајки од суштинското значење на поимот 'слободно време”.

*Односите со врсниците и другарите* на малолетникот, се состои во насочување кон воспоставување на избор на субјекти за дружење и комуникација, согласно со општо прифатените вредносни ориентации.

*б) Работа за малолетникот во социјалната средина, институции и установи (индиректен третман или менување на средината и условите на живот)*

Кога причината за делинквентното однесување кај одреден малолетник се срединските фактори, како што се семејството, училиштето, другарите и слично, процесот на превоспитување ги опфаќа потребите на малолетникот во средината и можностите на самата средина. *Индиректниот третман* или третманот на менување на средината на малолетникот, уште се означува и како мерки на помош, компензациони мерки кои се насочени кон непосредно директно влијание на неповолните услови во средината на малолетникот, а како ефект се појавува промена на односот и влијание на средината врз малолетникот.Во третманот што се насочува кон подобрување на условите во социјалната средина, се диференцираат две нивоа на стручно делување:

- субституција на постојната средина со нова
- модификација на постојната средина

*Субституцијата или замената на постојната средина на живеење* со друга средина која има поповолни материјали, социјално-психолошки и воспитни услови за развој и социјализација на малолетникот, е од поодамна познат и признат метод на работа со оваа популација деца и младинци. Оваа постапка се нарекува ' социјална трансплантација”[39], а како типичен пример се наведува упатувањето во воспитна установа или засилен надзор од страна на згрижувачко семејство.

[39] *Камбовски,В.(*2005), Казнено право-општ дел второ издание, *Скопје:Култура,*стр.1047

Меѓутоа , секогаш не е можно, а ниту неопходно да се примени мерката за замена на непосредната средина при ресоцијализацијата на малолетникот. Во примената на воспитните мерки „ Засилен надзор од страна на родител, односно старател и засилен надзор од центарот за социјална работа “, оваа замена на непосредната средина не се однесува, бидејки малолетникот останува во своето семејство и местото во кое дотогаш живее. При замена на средината за живеење, односно поради времено издвојување на малолетникот од неа, кога нејзиното неповолно влијание е причина за престапничкото однесување, треба да се има во предвид фактот дека новата средина треба да ги задоволува подеднакво сите барања во однос на материјално-економските, социјално - психолошките и воспитните услови и прилики, а не само некои од нив.

*Модификацијата на постојната средина* се смета за карактеристична, односно типична постапка во спроведувањето на воспитната мерка „засилен надзор од центарот за социјална работа”.

Модификацијата на средината опфаќа:

- ублажување и отстранување на неповолните влијанија;
- подобрување и интензификација на позитивните влијанија кои се присутни во средината на малолетникот.

Во однос на непосредната средина на малолетникот, особено во семејната, делувањето може да постигне значителни ефекти, со оглед на фактот што малолетникот и натаму останува во сопственото семејство.

Работата со семејството на малолетникот е насочена кон користење на постојните потенцијали на семејството за нивно позитивно воспитно влијание на малолетникот, но и корекција на неповолните семејни ситуации, со цел да се неутрализира или ублажи нивното негативно влијание. При тоа, претпоставка се напорите преку стручниот третман таа средина од материјален и пошироко социјално-психолошки и советодавен аспект, да се оспособи за обавување на својата воспитна функција. Тоа се постигнува преку различни мерки за подобрување на материјалната положба и ублажување на конфликтите во семејните односи. Нагласено подрачје од

работата во доменот на семејството на малолетникот е воспитниот однос на родителите, што се постигнува со инструирање или влијанија низ индивидуална или групна советувалишна работа. На тој начин, семејството се јавува како предмет и како средиште на третманот, а неговата квалитативна модификација може да доведе до запирање на воспитната мерка или нејзина замена со друга.

Во однос на пошироката социјална средина, можностите за модификација се многу помали, особено во неформалните групи на малолетникот. Меѓутоа, тоа не значи и дека не е можно никакво влијание. Напротив, преку непосредни контакти со таа средина, можно е делување преку информирање, инструирање и насочување да се извршат промени во групните односи, вредности и цели, а во функција на ресоцијализација на малолетникот. На тој начин, одделни членови на групата стануваат соработници во третманот. Ефектите од делувањето врз групата се зависни од мотивираноста, стручноста, систематичноста на стручниот работник - водителот кој е задолжен за реализацијата на Програмата на воспитната мерка - засилен надзор од центарот за социјална работа.

*4)Следење и евалуација на случајот*

Оваа фаза од ресоцијализацијата на малолетниците, се состои во оцена и вреднување на ефектите од спроведениот третман. Евалуацијата на ефектот на мерката засилен надзор од центарот за социјална работа, треба да се базира врз процена на индивидуалната програма, од аспект на нејзината содржина и начинот на реализација, а согласно со поставените цели и рокови.

Ефектите од мерката засилен надзор од родител, односно старател, се евалуираат преку известување од извршителот на центарот за промените во поведението на малолетникот, сватено како однесување во најширока смисла на зборот.

Целта на евалуацијата на ефектите од спроведените мерки, е нивната релевантност кон потребите на малолетникот и потребата за воведување на нови содржини или пак запирање на третманот.

Наведените фази во ресоцијализацијата на малолетниците кои се реализираат преку стручната моно и мултидисциплинарна работа од методолошко и содржинско гледиште, нужно претпоставуваат комплементарност на сите постапки - методи и пристапи, поаѓајки од поврзаноста на општите, посебните и поединечните причини на малолетничката делинквенција. Од тука, произлегува и улогата на центарот во иницирањето, координирањето и насочувањето на активностите и субјектите - органи, стручни служби и установи.

### 3.3 Улогата на стручниот тим на центарот за социјална работа во извршувањето воспитните мерки

Врз основа на стручните барања за проучување на личноста на малолетното лице, предлагање на воспитната мерка, методиката и организацијата на работа со оваа категорија малолетници, врз основа на карактерот на предметот на работа и имплицитните потреби на малолетниците за надминување на неповолната состојба, за постојани кадри во стручниот тим императивно се одредуваат: социјален работник, педагог и психолог. Овој императив произлегува од комплексноста на причините за настанувањето на делинквентното поведение и изборот на воспитните мерки, бидејки од посебно значење се условите за развој на личноста, достигнатото ниво на социјална, интелектуална и емоционална зрелост на секој малолетник, кои сеопфатно може да ги проучи само екипа од стручни лица, релевантни за секое одделно подрачје. Освен тоа, учеството на споменатите кадри е значајно за организацијата и спроведувањето на мерките и оцената на нивните ефекти во целокупниот тек на процесот на ресоцијализацијата на секој малолетник.

***<u>П е д а г о г</u>***

Педагошката работа и ангажираноста на педагог во монодисциплинарната и тимската мултидисциплинарна работа со случај, е

неопходна во сите фази на сложеност, континуиран процес на третманот на малолетни лица на кои им е изречена воспитна мерка. Таа е условена, детерминирана и насочена кон основните потреби во дотичната фаза од третманот на малолетникот, а пред се кон потребите за соодветна заштита и ресоцијализација на малолетникот. Така, во фазата на проучувањето на случајот, дијагностичката фаза, која се совпаѓа со спроведувањето на казнената постапка спрема малолетниците сторители на казнени дела, педагошкото испитување, како и целосното мултидисциплинарно проучување на малолетниците е условено од потребите за донесување на соодветен заклучок за можните алтернативни решенија во постапката и за натамошниот третман; да се изврши избор на најсоодветна воспитна мерка според потребите и можностите на малолетникот, како и во случаите на изречена воспитна мерка да може да се пристапи кон планирање и програмирање на извршувањето на мерката. Оттука, педагошкото испитување треба да претставува интегрален и функционален сегмент на мултидисциплинарното интегративно проучување во дијагностичката фаза од третманот на малолетните престапници.

Воспоставувањето на контакт и стекнувањето на меѓусебна доверба со малолетното лице, кое е извор на податоци за себе, е основен услов и претпоставка, како во текот на испитувањето , така и во натамошниот третман. Затоа, уште од првиот контакт со малолетникот, треба да се настојува да се постигне потребното ниво на квалитетни интерперсонални односи помеѓу педагогот и малолетникот.

Со испитувањето на малолетното лице, преку потребните релации и контакти, треба да се обезбедат - приберат податоци и сознанија за него, неговиот статус во семејството и односот кон родителите, нивниот авторитет, да се опсервираат неговите навики, да се испитаат неговите интелектуални способности и интереси, воспитно - образовниот процес, неговата социјализација и други релевантни податоци и сознанија. За целосно испитување на случајот, потребно е прибирање на податоци и сознанија од повеќе различни извори. За таа цел, педагогот ќе воспостави контакт и

соработка со родителите и семејството на испитаникот. Во таа релација треба да се обезбедат и приберат податоци и сознанија за брачните и семејните односи и функционирањето на семејството, интерперсоналните односи и нивниот квалитет, родителскиот авторитет, начинот на воспитувањето на децата и задоволувањето на нивните потреби.Во неопходната соработка на педагогот со училиштето, како извор на податоци, ќе се прибираат потребни податоци за испитаниците во врска со нивниот однос кон училиштето и учењето, редовноста, дисциплината и поведението и сл. Во текот на фазата на проучувањето, педагогот треба да остварува непосредна комуникација-соработка и размена на информации за испитаниците со другите членови на стручниот тим.

По завршувањето на фазата за прибирање на потребните податоци, педагогот треба да пристапи кон анализирање и средување на прибраните податоци и информации и на неговите лични сознанија и опсервации во текот на испитувањето. Врз основа на овие податоци, информации и сознанија за секој поединечен случај, педагогот треба да изготви педагошки наод, и мислење, со ориентација за предлог - воспитна мерка.

Вака изготвениот наод на педагогот, треба да има придонес во расправата на стручниот тим за дијагностицирање на случајот и во одредувањето на усогласена предлог-воспитна мерка на малолетникот.

Од методите за испитување во дијагностичката фаза на прибирање на податоци, најзастапени се интервјуто и посматрањето (набљудување, надгледување, опсервација). Тие треба да се користат во различни форми, но секогаш при примената треба да биде јасно одреден предметот, содржината и целта што треба да се постигне.

***<u>Социјален работник</u>***

Првиот контакт со малолетникот со делинквентно поведение, штом центарот за социјална работа е известен за случајот, се остварува преку *социјалниот работник*. Негова основна задача е да го евидентира во

регистарот на корисниците на социјална заштита и да отвори досие на малолетникот .

По обавувањето на оваа административна работа, социјалниот работник пристапува кон прибавување на социјално- анамнестички податоци, потребни за проучување на личноста на малолетникот, семејната средина и пошироката социјална средина.

Запознавањето на личноста на малолетникот, во основа опфаќа : прибирање на идентификациони податоци и податоци за неговиот развој и утврдување на позначајни статусни белези.

Запознавањето на малолетната личност претставува утврдување на нејзиниот развој, што фактички е резултат на био-психосоцијалните интеракции во животниот развој и во актуелната ситуација. Според тоа, не се работи за еднострани, фрагментарни податоци и информации, туку за нивна меѓусебна поврзаност и интеракција. Од тука, запознавањето на личноста на малолетникот од социјалниот работник не може да претставува само регистрирање на основни лични белези, но и определување на нивната условеност од срединските фактори од една страна и во контекст на причините за манифестираното поведение од друга страна. Според тоа, потребата од формирање на објективно - субјективна анамнеза, служи за следење на личните и ситуациските белези и односи кај малолетниот деликвент, пред и за време на актуелната ситуација или однесување.

Основните информации за личноста на малолетникот, социјалниот работник ги добива од првиот разговор што го организира во просториите на центарот. Запознавањето на личноста на малолетникот за социјалниот работник, претставува специфична постапка во спроведувањето на анализата на случајот. Како помошно средство, најчесто треба да се користи периодизацијата на возраста и шемата на подрачјата кои треба да се прикажат во таа експлоративна анализа. Од практични и теоретски причини, за позначајни возрасти во оваа ситуација, се смета раното детство, периодот на почетокот на образованието, потоа почетокот на пубертетот. Подрачје на проучување на развојот се социјални, педагошки, психолошки и медицински

аспекти. Кои од ситуациите од  овие  фази и подрачја подетално ќе ги  проучи и елаборира,  треба  да оцени  социјалниот работник сам, во зависност од неговиот интерес  за одделни белези  и карактеристики, односно да ги оддели настаните  кои претставуваат позначајно отстапување во поведението на малолетинкот. Добиените податоци треба да послужат  за дијагностицирање на малолетникот и неговото поведение и утврдување на третман за превоспитување, односно  одредување на прогноза  на случајот.

После добивањето и евидентирањето на наведените податоци, социјалниот работник треба да го посети семејството и преку увид објективно да ги оцени условите за домување, учење и живеење на малолетникот и да се утврдат потребите за обезбедување на елементарна егзистенција во случаите каде отсуствува. Исто така, преку разговор со членовите на семејството, социјалниот работник  настојува да добие податоци и информации за оние прашања кои не ги добил во текот на првиот разговор со малоленикот или пак да ја провери точноста на некои од добиените податоци. Според тоа, предмет на  запознавање на социјалниот работник  во семејството на малолетникот се : економските, културните и воспитните прилики за неговите членови.

*Методи на работа*

Во проучувањето на случајот, социјалниот работник применува аналитичка  постапка. При прибирањето на социјално - анамнестичките податоци ги применува следниве методи:

- Метод на разговор (насочено интервју), однапред подготвен и со одредена цел.
- Анализа  на содржина на документацијата  која се добива од различните извори;
- Опсервација на семејната средина за оценување  на условите  за живот на малолетникот во неа;
- Метод  на синтеза  на добиените податоци и информации, во текот на целата постапка на проучување на случајот.

*Стручен наод (социјална анамнеза)*

Од многубројните хетеро-анамнестички податоци кои социјалниот работник ги добива при запознавањето и проучувањето на случајот, позначајните ги обединува во една логична целина во писмена форма, наречена наод или анамнеза.

Изготвувањето на наодот не значи само сумирање на објективните податоци како дескрипции или констатациии за малолеником и неговото поведение, туку претставува синтетичка постапка, која е сложена и одговорна задача за социјалниот работник. Обединувањето на податоците, значи објективно и логично утврдување на нивната поврзаност во причинско-последичен однос за утврдување на видот и обемот на претстапничкото поведение и карактеристиките и навиките на малолетникот со таквото поведение, како и утврдување на потреба од третман за негово превоспитување. Исто така, стручниот наод на социјалниот работник треба да содржи и прогностички елементи во вид на заклучок за видот на третманот, односно предлог за воспитна мерка.

***<u>Психолог</u>***

Примената на психологијата во дијагностиката и третманот на малолетниците со делинквентно поведение, опфаќа подрачја и содржини, чија елаборација е специфична, пред се, од аспект на специфичната дијагностичка и тераписка методика. Целта на примената на психолошките методи и техники, е да се утврдат развојните карактеристики и достигнатиот степен на развојот и да се објаснат мотивационите аспекти на личноста на малолетникот. Работата на психологот во дијагностичката фаза, се протега во две глобални подрачја. Првото подрачје се однесува на интелектуалната и емоционално социјалната зрелост, мотивационите аспекти, односно динамиката на личноста. Второто подрачје се однесува на факторите на развојот и на агенсите на социјализацијата на личноста.

Имајки ја во вид стратегијата на проучувањето на личноста, операционализацијата на подрачјата и содржините на стручната работа на психологот е следнава:

a) Фактори на развојот и социјализацијата на личноста

- Психодинамика на семејните односи -манифестен родителски авторитет.
- Социјален круг на малолетникот
- Форми, начини и содржини на користење на слободното време на малолетникот

b) Развојни карактеристики на малолетникот

Развојот на малолетникот, се разгледува и проучува лонгитудинално низ сите развојни периоди, а завршува со процена на достигнатиот степен, во времето на спроведувањето на дијагностичката постапка.

По правило, секое психолошко испитување, треба да се одвива етапно. Аналогно на тоа и проучувањето на личноста во дијагностичката фаза - фазата на оквалификувањето на случајот, за секој малолетник со асоцијално или престапничко поведение, треба да биде етапно. Всушност, треба да се постапува од позиција на примената на лонгитудиналниот биографски пристап, односно дијагнозата да биде динамичка. Имено, покрај утврдувањето на напред наведените развојни карактеристики и објективно достигнатите статуси на одделните аспекти и особини на личноста, треба да се направат напори да се објаснат влијанијата на тие аспекти во етиологијата на престапното поведение на малолетникот во спрега со чинителите на неговата животна ситуација. Конкретниот избор и емпириското компонирање на тестовите, техниките и скалите, се зависни од секој одделен случај, но и од расположивите дијагностички средства на психологот. Во дијагностичката фаза се користат: контакт интервју, стандардизирано и структурирано интервју, проблемски насочено диригирано интервју и слободно недиригирано интервју. Методите на опсервација, можат да бидат користени во природна, но и во планирана и контролирана ситуација.

**<u>Психолошки наод</u>**

Поаѓајки од критериумот за функционалноста на психолошкиот наод, со оглед на неговата намена во контекстот на мултидисциплинската работа,

основни компоненти на неговото структурирање се основните податоци за испитаникот, причина за спроведувањето на психолошко испитување, општа импресија за испитаникот, поведението во текот на тест ситуацијата и пошироко во дијагностичката фаза,процена на интелектуалните способности, процена на емоционалните, социјалните и мотивационите аспекти во функција на нивната поврзаност со деликвентното поведение на малолетникот,заклучок од психолошкото испитување, предлог на облици и мерки на ресоцијализација.

Во текот на изготвувањето на психолошкиот извештај, покрај целта и намената, треба да се имаат во вид и да се забележат следниве критериуми:

- селективност во прикажувањето на податоците,
- краткост и функционалност во прикажувњето на битните аспекти на испитаникот,
- евалуација на податоците и фактите,
- разбирливост на податоците и термините,
- доследност во примената на поимите,
- јасна определеност во предлогот на мерките.

Во фазата на извршување на воспитната мерка, психологот, покрај консултативното има и непосредно учество во третманот на малолетниците и на нивните родители. Подрачјата на непосредната работа на психологот во текот на третманот, зависат од специфичностите на одделните малолетници и се разбира на нивните родители. Имено, неговата улога е понагласена во третманот на малолетници на кои е понагласено значењето на нивната личност и на нивните родители, како во поглед на етиологијата на асоцијалното или престапното поведение, така и од аспект на потребите и облиците за ресоцијализација. Во фазата на третманот, психологот најчесто ги користи методите на советувалишна работа и советодавно интервју и методите на советувалишната групна работа со малолетници и на семејната терапија.

## 3.4 Извршување на мерката - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа

Ресоцијализацијата, односно извршувањето на воспитната мерка на засилен надзор од центарот за социјална работа претставува комплексен, структурален и динамичен процес на менување на личноста и на личната средина на малолетниците со делинквентно поведение, во правец на нивна целосна социјална реинтеграција.

Во операционална смисла, фазата на третманот во извршувањето на мерката засилен надзор од центарот, може да се разложи на следниве подфази, односно, групи на активности:

- Утврдување на потенцијалите и потребите за примена на третманот;
- Планирање и програмирање на третманот;
- Реализација на Програмата на третманот;
- Следење и оцена на третманот.

Во врска со ваквата диференцираност на фазата на третманот, наведените активности не треба да се сметаат како релативно независни целини, туку како елементи во сложениот работен процес, кои иако настануваат една по друга, меѓусебно се условуваат и дополнуваат во текот на третманот. [40]

Првата група активности не е задолжителна во извршувањето на мерката, бидејќи во претходната дијагностичка фаза малолетникот е проучен и врз основа на тоа проучување е донесена одлука за изречената воспитна мерка. Потребата, меѓутоа, за вакво дополнително испитување, произлегува од причина што претходното испитување во дијагностичката фаза е вршено со друга цел, односно да се изврши избор на адекватна воспитна мерка за малолетникот во казнената постапка. Таквото испитување, често пати не обезбедува доволно специфични информации кои се неопходни за индивидуализација на третманот на малолетниците. И најчесто, од

[40] *ЈУ Завод за социјални дејности,(2007),* Стручно- Методолшки упаства и прирачници, *Скопје.*

претходното испитување до започнувањето на третманот, односно, извршувањето на мерката, често поминува подолго време, шест и повеќе месеци, па се наметнува потребата за дополнително испитување во кое најголемо внимание ќе се посвети на процена на евентуално настанатите промени во тој период.

Според тоа, основна цел и задача на оваа дополнителна процена, доколку таа се преземе, е заради воспоставување на адекватен заемен однос на соработка со малолетникот и обезбедување на оптимално потребни специфични информации за квалитетно планирање и програмирање на третманот.

Планирањето и програмирањето на третманот во извршувањето на мерката засилен надзор од центарот за социјална работа, е условено од суштината на воспитанието, спрема тоа и ресоцијализацијата, која претставува организирана, систематска и планска дејност. Во согласност со тоа, планирањето и програмирањето, треба да ги одреди средствата, методите, техниките и актерите со кои се обезбедува реализација на општата цел.

Пристапот кон планирањето и програмирањето, треба да се изведува така што не треба да се поаѓа само од идеално замислените цели, туку истите треба да се усогласат со можностите на малолетникот, средината во која тој живее, како и со можностите на водителот на засилениот надзор и средината во која тој работи и делува. Бидејќи наведените релации и односи често се менуваат, стои потребата планирањето и програмирањето да бидат доволно еластични и флексибилни, за да се овозможи плановите и програмите повремено да се преиспитуваат и доградуваат, во согласност со новонастанатите околности и потреби.

Во праксата на центрите за социјална работа, се покажува дека планирањето и програмирањето на третманот во рамките на извршувањето на воспитната мерка на засилен надзор од центарот, се става главно во надлежност на оној стручен профил на кого е доверено извршувањето на мерката. При тоа, водителот на засилениот надзор сам изготвува програма за извршување на мерката и истата ја реализира. Ваквиот начин на

планирање и програмирање на третманот, носи опасност од субјективна природа и пропусти кои произлегуваат од компетенциите на стручниот профил задолжен за извршување на мерката. На тој начин, програмата за третманот, ќе биде еднострана и некомплетна, па постои опасност и покрај максималната ангажираност во извршувањето на мерката, да не се постигнат очекуваните резултати. Со цел да се надминат овие опасности и пропусти, потребно е кон планирањето и програмирањето на третманот, да се пристапува тимски, при што другите членови на тимот заедно со водителот на засилениот надзор заеднички да формулираат план и програма за третманот. Овој пристап е заснован на стручни, научни и методични определби во извршувањето на мерката, според кои тоа започнува како индивидуална работа со поединец, но со тек на времето прераснува во тимска работа за решавање на проблемите на поединецот. Членовите на стручниот тим, треба да бидат стручни кадри од повеќе профили, не само од центарот за социјална работа, туку и надворешни, со што се обезбедува можност за задоволување на разновидните потреби на малолетниците. На крај, кога програмата веќе е изготвена, со истата треба да бидат запознати сите заинтересирани фактори (родителите, малолетникот, судијата за малолетници и др.) за етапите за нејзина реализација.

Следната група активности, значи непосредно спроведување на третманот во извршувањето на мерката засилен надзор од центарот за социјална работа. Всушност, овој третман е детерминиран и условен со содржините во програмата за извршување на мерката, а одредувањето на програмата за третман се изведува во согласност со принципот на индивидуализација. Оттука, реализацијата на самиот третман треба да се одвива во различни насоки на делување, како во средината на малолетникот, така и на личноста на малолетникот. Во реализацијата на програмата за третманот, главно се применува обликот на индивидуална работа, а во зависност од можностите и условите на работа, се применува и обликот на групната работа.

Оценувањето, како аспект на самиот процес на третманот, претставува особено значајно прашање кое не може да се заобиколи во практичната работа. Третманот на малолетникот не се состои само во примената и реализацијата на програмата за третман, туку и во настојувањето тоа што е преземено редовно да се преиспитува и оценува. Потребата за ваквата активност е повеќекратна, а основната намена е на тој начин да се обезбеди остварување на поставените цели на третманот. Поради значењето на оваа активност, во настојувањето за нејзина редовна реализација, постои и законска обврска водителот на засилениот надзор да изготвува и доставува до судот шестомесечен извештај за спроведувањето на воспитната мерка.

## II ДЕЛ

## 1.Методологија на истражувањето

### Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е изречената воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа спрема малолетните лица во 30 центри за социјална работа, во Република Македонија. Предметот на истражување е од областа на социјалната педагогија, имајки ја во предвид обработката и анализата на воспитната мерка во примената на социо-педагошкиот третман на малолетните лица со деликвентно поведение.

Центрите за социјална работа во Република Македонија, од своето формирање работат на прашањето за спречување и сузбивање на нарушеното поведение кај децата и младите. Во извршувањето на воспитната мерка, засилен надзор од страна на центрите за социјална работа, како органи за старателство кај нас, ја имаат клучната, автономна и независна улога.Притоа, битно е да се истакне дека секоја општина во Република Македонија е покриена со дејноста на орган за старателство, односно центар за социјална

работа, како посебна и самостојна стручна институција во областа на социјална заштита.

**Цел и карактер на истражувањето**

**<u>Општа цел</u>** на ова истражување е да се утврди ефикасноста на воспитната мерка, засилен надзор од страна на центарот за социјална работа што се применува спрема децата и младите во системот на малолетничка правда.

**<u>Задачи на истражувањето:</u>**

- да се утврди влијанието на програмата за спроведувањето на мерката засилен надзор од страна на центрите за социјална работа;
- да се утврди влијанието на организациските, кадровските и економските услови врз ефикасноста на спроведување на воспитната мерка;
- да се утври постоењето на унифицирани програми за спроведување на мерката во сите 30 центри за социјална работа;
- да се утврди ставот на децата спрема стручните лица во центарот за социјана работа;
- да се утврди ставот на стручните лица во центарот за социјална работа спрема малолетните лица на кои им е изречена воспитната мерка засилен надзор од страна на центарот за социјална работа;

**<u>Хипотези</u>**

Се претпоставува дека воспитната мерка, засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, влијае врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.

**<u>Посебни хипотези</u>**

- Програмата за споведување на воспитната мерка, влијае врз положбата на малолетните лица.

- Организациските услови на центарот за социјална работа влијаат врз ефикасноста на извршување на воспитната мерка.

- Кадровската екипираност во центарот за социјална работа, влијае врз ефикасноста на извршување на воспитната мерка.
- Материјалните услови во центарот за социјална работа, влијаат врз ефикасноста на извршување на воспитната мерка.
- Ставот на малолетните лица врз кои е изречена воспитната мерка спрема стручните лица од центарот за социјална работа, влијаат врз ефикасноста на извршување на воспитната мерка.
- Унифицираноста на програмите за спроведување на воспитната мерка, влијае врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.

5. Варијабли на истражувањето

**Независна варијабла**: Бројот на деца врз кои е изречена воспитната мерката, засилен надзор од страна на центарот за социјална работа.

**Зависна варијабла:**. Воспитната мерка, засилен надзор од страна на центарот за социјална работа.

## Методи, техники и инструменти на истражување

Во ова истражување, ќе се примени дескриптивната метода во облик на опис, анализа и генерализација. Ќе се направи анализа на влијанието на независните врз зависните варијабли. Поважните причинско последични врски, ќе се откријат со помош на неекспериментална примена на каузалната метода.

## Инструменти и техники

За прибирање на податоци во процесот на истражувањето ќе се користат повеќе постапки, инструменти и техники.

**** Инструменти***

- анкетни листови
- прашалник за интервју

* ***Техники***

- анкетирање (анонимно)
- интервју
- анализа на содржина

**Опис на инструментите и техниките**

Ќе се изработи анкетен лист за стручните лица од центрите за социјална работа, со прашања од отворен тип . Со примената на овој анкектен лист, ќе се испита дали се применуваат програмите за спроведување на мерката, условите, организацијата и кадровската екипираност на центрите за социјална работа, за извршување на воспитната мерката. Исто така, ке се изготви Анкетен лист за малолетните лица на кои им е изречена воспитната мерката. Прашањата ќе бидат поставени на начин кој ќе обезбеди насочување за идното истражување. Испитаникот ќе може преку свои судови и ставови, да појаснува и да сугерира.

Со примената на овој анкетен лист, ќе се испита дали воспитната мерка која се извршува, систематски, адекватно и ефективно, се аплицира во центрите за социјална работа, и посебно ќе се добие увид за видувањето на оние за кои се наменети овие воспитни програми. На тој начин ќе се добијат автентнични гледања на две исклучително важни стручни лица од центрите за социјална работа и малолетните деца, врз кои се извршува воспитната мерка. Со ова истражување, ќе се добие пресек на моменталната состојба во центрите за социјална работа кои ја извршуваат воспитната мерка-Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа. Истражувањето ќе биде спроведено индивидуално и групно, зависно од конкретните услови.

Употребата на дескриптивна 5-то степена скала на судови ќе биде со Ликертовиот тип на скала (со прашања: сосема се согласувам, неодлучен сум, воглавно не се сложувам, не се сложувам и воопшто не се сложувам). Преку вака поставените судови во прашалниците ќе се придонесе за добивање на длабински увид за квалитетот на програмите и за нивото на согласност дали

тие се сметаат за соодветни. Оваа скала ќе се применува во рамките на анкетирањето, со цел да се добијат податоци од стручните лица за ефективноста на спроведените програми во центрите за социјална работа, како и ставовите на малолетните лица за нивниот однос и искуство во однос на програмите, степенот на нивната информираност и едуцираност, колку тие ќе придонесат да се даде отпор кон ризичното однесување и појавата на пореметувања во однесувањето.

Со анализата на содржината ќе се анализираат изворите на информациите и тоа програмите за работа, законската регулатива и добиените податоци од анкетирањето и интервјуирањето.

**Популација и примерок на истражувањето**

Во истражувањето се користи пригоден примерок, кој брои 60 испитаници, сите малолетници (на возраст од 14 до 18 години) на кои им е изречена воспитната мерка и минимум 30 стручни лица од центрите за социјална работа. Примерокот на младите лица, се селектира од страна на органите за социјална работа, кои селекцијата ја вршат според изречената воспитна мерка на малолетникот. Истражувањето ќе се спроведе во 30 центри за социјална работа на територијата на Република Македонија.

Во истражувањето за собирање на потребните емпириски податоци, беше конструиран анкетен прашалник, за подрачјето на воспитната мерка- Засилен надзор од страна на ценатрот за социјална работа. Прашалникот од типот молив - хартија, од затворен тип на прашања. Испитаниците да го изразат степенот на согласување или мислење со секое тврдење на петто степената Ликертова скала. Ликертовата скала, е мерна скала за широка примена но најчесто во хуманистичките науки. Таа претставува вид на скала, која се состои од низа на тврдења поврзани со различни аспекти на некој став (Предност на оваа скала е што е погодна за обработка на факторската анализа). За секое од тврдењата, испитаниците добиваат поен според степенот на сложување со петто степената скала на согласување:

-сосема не се согласувам - 1

-не се согласувам - 2

-неутрален - 3

-се согласувам - 4

-сосема се согласувам - 5

Индивидуалниот скор на секој испитаник е просек од сумата на поени за секое тврдење и бројот на тврдења т.е.

$$\frac{\sum \text{на бодови од тврдења}}{\text{Број на тврдења}}$$

Податоците прикажани во анкетниот прашалник се од доверлив карактер, согласно со Законот за заштита на лични податоци.

**Статистичка обработка на податоците**

Обработката на податоците добиени со прашалниците, е квалитативна и квантитативна. Прашањата од отворен тип (наменети за стручните лица) се квалитативно обработени, додека квантитативната обработка се однесува на прашањата од затворен тип. За прашалникот од затворен тип, се применуваат статистички постапки за утврдување на фрекфенцијата и графички приказ во проценти.

**Организација и тек на истражувањето**

Откако ќе се определи примерокот на истражување, започна текот на истражувањето со доставување на анкетните листови. Истражувањето се одвиваше во 30 центри за социјална работа и тоа: Берово, Битола, Македонски брод, Валандово, Виница, Гевгеија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово,

Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струга, Струмица, Тетово, Велес и Штип. Во однос на временските рамки, истражувањето се спроведе во период од еден месец, и тоа од 15 јануари до 15 февруари 2012 година. Пополнувањето на анкетните листови се реализираше во центрите за социјална работа кои работат на проблематиката малолетничка деликвенција. Во секој центар, беше назначен по еден координатор, кој ги даваше анкетните листови и ја објаснуваше техниката на пополнување, и еден раководител на проектот.

## Релевантни истражувања

Во Република.Македонија директни истражувања за влијанието на изречената воспитна мерка врз малолетните лица нема.

Меѓутоа, во Република Македонија, досега сите истражувања што се реализирани на нејзината територија, се насочени кон положбата на децата во системот на малолетничката правда, анализа на законската регулатива, односно анализа на домашните и меѓународните документи. Врз основа на овие истражувања, се јави потребата за донесување и применување на посебни закони и процедури за унапредување и заштита на правата и доброто на младите. Врз основа на овие и досегашните истражувања, во 2007 година донесен е Законот за малолетничка правда.

## III Анализа и интерпретација на податоците

Институционалниот систем за извршување на мерката засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, во прв план ја става улогата на центрите за социјална работа. Оваа улога, прецизно и нормативно е регулирана преку задачите на органот за старателство, во постапката спрема малолетниците и во извршувањето на воспитната мерка, со вклучување на услуги од социјална, педагошка и психолошка работа.

Во извршувањето на воспитната мерка засилен надзор, центрите за социјална работа, како органи за старателство, кај нас има клучна, автономна и независна улога. Притоа, важно е да се истакне дека секоја општина во Република Македонија, е покриена со дејноста на центарот за социјалната работа, како самостојна и посебна стручна институција од областа на социјалната заштита.

Во однос на прашалникот, тој е дистрибуиран до малолетниците, за ставот на малолетниците кон стручните лица, односно условите на извршување на мерката, доживувањето на стручното лице, поддршката во воспитно-образовниот процес и однесувањето, и добиени се следниве податоци прикажани во графикон бр. 3.

*Графикон бр.3*




При квантитативната обработка на добиените податоци, се утврди мах вредност на аритметичката средина на скоровите кои малолетникот ги постигнал за доживување на стручното лице во однос на различните аспекти и тоа за поддршката во воспитно-образовниот процес, доживувањето на стручните лица и однесувањето.

Високата вредност на аритметичката средина во однос на аспектот доживување на стручното лице (M=4.15), ја одразува севкупната релација на малолетникот и стручното лице. Во анкетниот прашалник, беа опфатени прашања кои се однесуваа на следниве сегменти за доживување на стручното

лице и тоа: како лице кое сака да помогне, во било кое време може да му се обрати, срдечен и воспоставува непосреден контак, помага во согледување и прифаќање на нови вредности кои имаат позитивно влијание во однесувањето.
Со мала незначителност, сигнификантно евисока и вредноста на аритметичката средина (М=4,08), за влијанието на воспитната мерка, врз модификацијата на облиците на однесување на малолетното лице во различните средини на неговото делување. Имено, добиената вредност е во насока на евидентно влијание на стручното лице со примената на воспитната мерка, во подобрувањето на начинот на постапување на малолетникот во различни животни ситуации и средини и разбирање на бихејвиоралните форми кои се општествено прифатливи со развојот на морално-етички систем кај малолетникот.
Висока сигнификантна е и вредноста на аритметичката средина за аспектот на влијанието на стручното лице врз образовниот процес на малолетникот (М:3,93). Добиените одговори на малолетниците, укажуваат на проактивниот пристап на стручните лица во обезбедувањето на поддршката на малолетниците во образовниот процес и нивна интеграција во истиот.
Ниската сигнификантна вредност на аритметичката средина (М:3,58), се однесува на перцепцијата на малолетникот за условите во центрите за социјална работа, во кои се реализираат средбите, односно индивидуалната и групната работа со малолетниците, со цел извршување на изречената мерка. Добиената вредност ги потврдува несоодветните материјално-технички услови, но истите не влијаат врз ефикасноста на воспитната мерка. Условите за работа на центрите за социјална работа и стручните тимови, се афектираат врз ставот на малолетниците од аспект на градењето на слика за институцијата и стручните лица кои работат на реализирањето на оваа воспитна мерка.
Високите вредности на аритметичката средина во однос на горе споменатите сегменти, се резултат на унифицираната програма за работа со малолетниците и методолошкото упатство по кое работат стручните лица.

Од анализата на податоци кои се однесуваат на организацијата во центрите за социјална работа, стручниот профил, едукацијата и реализирањето на засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, беше применета техниката на анкетирање. Заради согледување на практичните аспекти на извршувањето на воспитната мерка, до сите 30 центри, беше дистрибуиран стандардизиран прашалник, со прашања кои се однесуваа на кадровската и стручната екипираност на тимот кој работи на проблемот на малолетничката делинквенција, постапувањето со деца и малолетници во ризик, структурата на воспитните мерки кои се изречени и извршени на подрачјето за кое е надлежен центарот, согласно со Законот за малолетничка правда, стручен кадар, едукација, начин на спроведување на мерката, изготвување на посебна програма за реализирање на мерката засилен надзор од страна на центарот за социјална работа.

Од анализата на податоците, од аспект на организацијата на работата, се нагласува повеќекратната улога што ја имаат недоволниот број на вработени, кои се ангажирани со предмети и со останатите категории на корисници. Организацијата на стручната работа е доста различна во сите 30 центри за социјална работа, односно во 6 центри за социјална работа се формирани посебни одделенија[41], кои работат на полето на малолетничката делинквенција, во 24 се формирани специјализирани тимови. Во однос на прашањето дали овие специјализирани стручни тимови работат и на друга проблематика, добиен е одговор дека во 29 центри за социјална работа, тимот е ангажиран и со предмети од друга проблематика. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, има формирано посебно одделение за малолетничка деликвенција, и истиот исклучиво работи на оваа проблематика, и со тоа постои можност за највисок степен на специјализација на стручните лица. Додека кај останатите центри за социјална работа, стручниот тим задолжен за оваа проблематика, работи и со други категории корисници поради постојано проширување на обврските во заштитата на

[41] Закон за малолетничка правда ( Службен весник на Република Македонија бр.87/2007, 103/2007, 161/2007 и 145/2010).

населението. Тимската работа несомнено е најидеалниот пристап во спроведувањето на третманот, вклучително и дополнителната грижа кога е завршено извршувањето на мерката.

*Табела бр.1*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| За вршењето на надлежностите определени со ЗМП и ЗИС | формирано е посебно одделение | формиран е посебен стручен тим | стручен тим кој е ангажиран и со предмети од друга проблематика. | |
| | 6 | 24 | 29 | |
| Тимот кој работи на малолетничка делинквенција се состои од | социјален работник | социјален работник и психолог | социјален работник, психолог педагог и правник | социјален работник, психолог и правник |
| | 29 | 25 | 23 | 20 |
| Обука за малолетничко престапништво | Еднаш | Повеќе пати | Не посетувале | |
| | 11 | 6 | 13 | |

Според податоците кои беа добиени од центрите за тимот, како барање на современата наука и практика, во 19 центри тимот кој работи на проблематиката на малолетничката делинквенција е составен од социјален работник, психолог, педагог и правник, во 5 центри недостасува педагог, во 4 центри за социјална работа недостасува психолог, а во 7 центри за социјална работа недостасуваа правник. Во Центарот за социјална работа-Неготино иако е добиен одговор дека имаат фомирано стручен тим, на следново прашање од кои стручни лица е составен тимот даден е одговор дека нема стручни лица кои работат на оваа проблематика. Од анализата на одговорите од 30 центри за социјална работа констатирано е дека во 24 центри за социјална работа, се изјасниле дека имаат формирано тим, од кои во 19 центри за социјална работа тимот е комплетен.

Внатрешната организација на центрите за социјална работа во Република Македонија е следната:

*Табела бр.2*

| Организација на стручната работа | Број на центри | % |
|---|---|---|
| Коплетен тим | 19 | 63.3 |
| Некомплетен тим | 11 | 36,7 |
| Вкупно | 30 | 100,0 |

Презентираната состојба покажува дека во одделни центри за социјална работа постои соодветна организација на работата на оваа проблематика.

*Графикон 1*




Во однос на прашањето за условите за работа со малолетниците за извршување на воспитната мерка-Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа добиена се следниве одговори и тоа 13 центри за социјална работа одговориле дека имаат соодветна организација, 9 центри за социјална работа имаат услови за групна и индивидуална работа, а 15 центри за социјална работа имаат поволни материјални услови.

*Графикон бр.2*




Од добиените резултати, делумно центрите за социјална работа имаат соодветна организација, во делот на услови за индивидуална и групна работа, исто така потребно е подобрување на условите за работа, како и распределбата на материјалните трошоци подеднакво на сите 30 центри за социјална работа, кои директно влијаат врз извршувањето на мерката-засилен надзор од страна на центарот за социјална работа.

Потребата за специјализација и континуирано надградување на стручната работа на тимот кој работи на малолетничка делинквенција во Министерството за труд и социјална политика, е согледана и направени се некои позитивни чекори преку организирање на семинари и трибини. Сепак, загрижува фактот што иако постои како законска обврска за посетување на специјализирана обука[42] , во текот на 2011 година, 7 центри еднаш посетиле специјализирана обука за малолетничко престапништво, во 11 центри за

[42] Закон за малолетничка правда ( Службен весник на Република Македонија бр.87/2007, 103/2007, 161/2007 и 145/2010).

социјална работа стручните лица повеќепати биле на вакви обука, вработените во 12 центри за социјална работа не посетиле обука.

Табела бр.3

| Специјализирани обуки | Број на центри | % |
|---|---|---|
| Еднаш | 7 | 23,4 |
| Повеке пати | 11 | 36,6 |
| Не бил вклучен нивниот центар | 12 | 40,0 |
| Вкупно | 30 | 100,0 |

Потребата за додатна едукација искажаа 100 % од стручните лица од центрите за социјална работа опфатени со анкетата. На прашањето дали им се потребни доплнителни едукации потребни обуки за индивидуална и групна работа со корисникот, сите 30 центри за социјална работа, односно 100% одговорија дека им се потребни обуки.

Табела бр.4

| Потреба за дополнителна едукација | | Број на одговори | % |
|---|---|---|---|
| 1. | Индивидуална работа | 30 | 39,5 |
| 2. | Групна работа | 30 | 39,5 |
| 3. | Искуства од други земји | 16 | 21,0 |
| | Вкупно | 76 | 100,0 |

Презентираните одговори, јасно покажуваат дека потребите се однесуваат на областите значајни за процесот на превоспитување, кои денес поради феноменолошките карактеристики на кривичните дела, промените во воспитните вредности кај младите, социо-економските проблеми, како во општеството, така и во семејството, налагаат нов пристап и методи на стручната работа. Во овој контекст, согледана е и потребата од запознавање и примена на нови и ефикасни содржини од земјите кои имаат поголема традиција во третирањето на проблемите од оваа област и истите влијаат врз извршувањето на мерката. Неспорно е дека без освежување на стручните

знаења што ја бара практиката, извршувањето на воспитната мерка и работата со малолетниците се сведува на рутинска работа без иновации.

Врз основа на горенаведеното, иако кај одреден број центри за социјална работа, недостасуваат некои стручни, материјални и технички услови , може да се оцени дека, во поголем број постојат задоволувачи услови и подготвеност за извршување на воспитната мерка, која влијанието врз малолетникот за оттргнување од неговото криминално поведение.

Бројот на мерките засилен надзор што се извршуваат во центрите за социјална работа опфатени со анкетата за ова истражување, покажува доста разлики меѓу одделни центри.

*Графикон бр3.*




Според добиените податоци од Анкетнитот прашалник во текот на 2011 година, се изречени вкупно 212 воспитни мерки. Од овие 212 мерки во 59,9 % од случаите мерката која му е изречена на малолетникот е прва по ред, во 29,2% од случаите воспитната мерка која е изречена на малолетникот е втора по ред. За да видиме дали има повторување кај воспитната мерка засилен

надзор од страна на центрите за социјална работа, односно дали има влијание врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, во контекст на овие истражувачки резултати треба да се прикажат и сознанијата  кои се однесуваат на мерката која на малолетникот му е изречена за првото казнено дело. На прашањето доколку мерката-Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, не е прва, која воспитна мерка му била изречена за прв пат на малолетникот, резултатите се прикажани во графикон бр.4.

Графикон бр.4




Од добиените податоци, евидентна е интенцијата на судот за давање примат на дисциплинските, односно мерките на засилен надзор во ситуации кога малолетникот за прв пат доаѓа во судир со законот. Во 54% од случаите на повтор како прва мерка била изречена дисциплинска мерка односно Укор, додека во 45% како прва мерка била изречена Засилен надзор од родител, односно старател. Овие компаративни сознанија укажуваат на потребата од утврдување на реалните можности за нејзино соодветно применување од

страна на родителите, преку постојан и непрекинат контакт на центрите за социјална работа со семејството, преку што ќе се следи извршувањето на засилениот надзор, и постојано и непрекинато ќе се води грижа за спречување на штетните влијанија и промовирање на најдобриот интерес на малолетникот.

**Анализа на Закон за малолетничка правда**

Согласно со анализата на законската рамка за системот на малолетничка правда покажува неколку проблеми својствени на правосудниот систем или системски својствени на системот во целина.

Постојат некои недостатоци во законската рамка, но, исто така и во инфраструктурата и капацитетот на правосудниот систем во однос на децата во судир со законот и децата во ризик. Секако, голем број од овие недостатоци произлегуваат или од немање на законски одредби или од несоодветни одредби, но главно се работи за неспроведување или несоодветно спроведување на одредбите.

Исто така, постои конфузија поради фактот што некои изрази се користат неумерено, на пример категориите на деца, но, исто така и поради арбитрарната класификација и уредување на категориите во законот. Постапувањето со децата се разликува според возраста на детето, а не според поведението, и ова важи и во случаи на поведување на одредена постапка (судска или социјална) и при упатување во установи (децата помлади од 14 години немаат кривична одговорност - се сметаат за деца во ризик – и се упатуваат во социјални установи заедно со други деца кои не го прекршиле законот).

Како што беше наведено погоре, има неколку изрази што создаваат конфузија. *Деца во ризик, во судир со законот и во допир со законот,* се чини дека немаат значење приближно на основната лексичка содржина. Се чини дека системот се служи со изразите “деца во судир со законот” и “деца во ризик” само за разликување на возраста или одговорноста на малолетните престапници. Дури и ако понегогаш овие категории се преклопуваат, разликата не треба да се заснова само врз возраста на малолетникот.

Категоријата на деца во ризик, вообичаено нема старосна граница: деца на било која возраст може да се најдат “во ризик” и во таа смисла државата треба да преземе одговорност за помош и грижа, со цел да се обезбеди здравје и непречен развој на детето.

Според член 1 од Законот за малолетничка правда [43] кој го уредува постапувањето со деца во ризик и малолетници вмешани во дејствија што Законот ги смета за кривични дела и прекршоци. Со ова најпрво се разјаснува дека Законот за малолетничка правда смета дека децата во ризик секако се деца кои што не сториле казниво дело или не подлежат на правосудна постапка за нивните дела.

Сепак, системот за малолетничка правда има потешкотии со утврдување на оваа категорија, поради две причини: правната дефиниција на овој израз не е прецизна и опфатот на различните состојби на ризик што ги покриваат центрите за социјална работа со обезбедување на образование, помош и грижа за малолетниците, е ограничен. Општиот впечаток е дека системот на малолетничка правда, теоретски во голем дел е во сообразност со меѓународните упатства. Но, постои голем расчекор меѓу теоријата и праксата. Дури и добрите одредби се одликуваат со потешкотии во спроведувањето, поради различни фактори, на пр. слабиот капацитет на системот. Неусогласеноста на одредбите помеѓу ЗМП, КЗ и ЗКП и други прописи, резултира со конфузија или празнини во спроведувањето на одредбите за малолетниците. Постои потреба од кодификација на сите одредби што се однесуваат на малолетниците, бидејќи поради бројните измени и дополнувања на законите што влијаат меѓусебно, отежнато е спроведувањето на малолетничката правда. Има потреба од разјаснување и разликување на различните категории на деца (во судир, во ризик, во допир), како и на различните видови на посредување/порамнување.

[43] Закон за малолетничка правда ( Службен весник на Република Македонија бр.87/2007, 103/2007, 161/2007 и 145/2010).

**Анализа на програмата за извршување на воспитната мерка-Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа**

По донесување на одлуката на судот за изречена воспитна мерка-Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, центарот го започнува третманот за извршување на изречената мерка. Третманот го опфаќа извршувањето на изречените воспитни мерки на засилен надзор, односно, вонинституционалните воспитни мерки. Бидејќи извршувањето на вонинституционалните воспитни мерки им е доверено на органите за старателство, односно на центрите за социјална работа, нивната улога и ангажираност е најнепосредна во третманот на овие малолетници. Суштината и предноста на вонинституционалните мерки е во тоа што малолетникот по изрекувањето на мерката, за време на извршувањето на истата не се издвојува од неговата природна средина, туку ресоцијализацијата се спроведува во локалната средина, односно, семејството. Тоа значи, дека малолетникот останува на слобода, но под надзор на лицето или органот за старателство, задолжен за извршувањето на мерката.

За таа цел, центрите за социјална работа треба да обезбедат соодветни услови, за материјална, кадровска, организациона и стручна подготвеност, како неопходни претпоставки за успешно извршување на вонинституционалните воспитни мерки, а особено на мерките на засилен надзор од органот за старателство. Овие услови и претпоставки, во суштина логично произлегуваат од концепцијата на извршувањето на мерката засилен надзор од органот за старателство, која опфаќа, како непосредно делување и влијание на самиот малолетник, така и посредно делување на малолетникот преку (непосредно) делување на средината на малолетникот, заради обезбедување услови за правилен развој, воспитување и средување на приликите во коишто живее. Тоа значи, дека во извршувањето на оваа мерка во рамките на програмата за третман, треба да бидат опфатени двете насоки на делување: непосреден третман, со цел за промени во личноста на

малолетникот; и индиректен третман со цел за соодветни промени во средината и условите за живеење на малолетникот.

Непосредниот третман ја означува онаа насока на делување во која влијанијата што ги презема стручното лице (водителот на засилениот надзор) непосредно се насочени на самиот малолетник, а како резултат на истите се очекува да се јават промени во односот на малолетникот кон себе и кон средината.

Индиректниот третман, со цел за соодветни промени во средината на малолетникот, значи непосредни дејствија и влијание од стручно лице на самата средина на малолетникот, а како ефекти се очекуваат промени во односите и позитивни влијанија од средината на самиот малолетник. Со цел, правилен пристап кон реализирањето на воспитната мерка во планирањето и програмирање на третманот, од страна на Заводот за социјални дејности како установа за надзор над стручната работа на центрите за социјална работа, изготвена е програма, односно Метотодолшко упатство за центрите за социјална работа за работа со малолетници, воспитно запуштени и сторители на кривични дела, и каде истите треба да ги применуваат. Оваа програма е составена од обрасци, кои се насока за стручните лица како да го водат третманот за извршување на воспитната мерка-Засилен надзр од страна на Центарот за социјална работа.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** **Образец - ПИНД-1**
**Ј.У. Меѓуопштински центар за социјална работа**
______________________________________________
Рег. број _______________________________________

**ПЛАН**
**за индивидална работа - третман**
**со корисникот на социјална заштита**

**А.** Идентификациони податоци за корисникот на социјална заштита

1. ____________________________________________________________
(име и презиме и име на еден на родителите)

2. ЕМБГ: /_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/

3. Адреса на постојано живеалиште/престојувалиште
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

4. Вид на корисник на социјална заштита и изложеност на социјален ризик:

4.1. Вид на корисник на социјална заштита
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________, шифра: /_/_/_/_/

4.2. Изложеност на социјални ризици:
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

4.3. Утврдени причини, услови и поводи за настанување на состојбата на изложеност на социјален ризик.

5. Согледани потенцијали и потреби за третман на корисникот:

5.1. Потенцијали:
5.2. Потреби за третман:

6. Општа цел која треба да се постигне кај корисникот преку третманот:
7. Посебни - реални цели што треба да се постигнат кај корисникот преку третманот:
8. Содржина на работа - третман со:

8.1. Корисникот на социјална заштита:

8.2. Семејството на корисникот на социјална заштита:

8.3. Потесната локална заедница:

9. Потребни интервенции во други институции во системот (образование, здравство, ОЈО, МВР, Суд, УИС, НВО.............................)

10. Методи, техники и средства за реализација на содржините за работа-третман со корисникот на социјална заштита.

11. Координатор и извршители на одделни содржини на работа-третман со корисникот со динамика на нивната реализација-рокови, од вонинституционална и институционална заштита и други услуги во вид на социјална работа и пошироко:

11.1 Координатор: ___________________________________________________
(име и презиме и занимање на стручниот работник)

11.2 Извршители:
_________________________________________________________ ___________________
(име и презиме и занимање на стручниот работник) (задача) (рок)

______________________________________________________________
(име и презиме и занимање на стручниот работник) (задача) (рок)

______________________________________________________________
(име и презиме и занимање на стручниот работник) (задача) (рок)

12. Динамика на следење на извршувањето и на вршењето евалуација на резултатите од реализираните планирани содржини на работа-третман со корисникот на социјална заштита, заради утврдување нови потреби за натамошен третман, продолжување или престанок на третманот; замена на еден облик со друг облик на социјална заштита; преземање на мерки за деинституционализација; постинституционален третман и интегрирање на корисникот во социјалната средина; по потреба излегување на корисникот од системот на социјална заштита по постигнатите општи и посебни цели преку третманот.

______________________година

______________________(место)

С т р у ч е н т и м:

1. ________________, социјален работник

2,________________психолог

3,________________педагог

4,________________правник

# СОЦИЈАЛНА АНАМНЕЗА

**за малолетниот________________**

**роден на _______________ година во Скопје,**

со место на живеење ул. ,,______________ , бр. од Скопје

Социјалната анамнеза е изготвена во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Одделение за заштита на деца и млади, а за потребите на Стручниот тим во изготвување на Инвидуален план и програма за реализација на воспитна мерка Засилен надзор од страна на родител.

Врз основа на обавените советодавни, консултативни и информативни разговори со малолетниот и неговиот татко воден проблемски насочен интервју, извршена опсервација, и извршен увид на постоечката документација, **констатирано е следново**:

______________________________________________________________

____________година Дипл.соц.работник

**ПРОГРАМА**

**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНА МЕРКА**

**ЗАСИЛЕН НАДЗОР ОД ЦСР**

За малолетниот од Скопје, со место на живеење на _______ , роден на Со решение 2КМ бр. на малолетниот му е изречена воспитна мерка- Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа.

Стручниот тим обави информативно-консултативни и советодавни разговори со малолетниот и родителот, и по направениот увид во постоечката документација, изготвена е програма за реализација на воспитната мерка.

**Обврски и активности на малолетникот во текот на третманот:**

- Редовно контактирање со извршителот на воспитната мерка- Стручниот тим во центарот за социјална работа околу реализацијата на воспитната мерка;
- Почитување на сите договори направени со стручниот тим во Центарот;
- Невршење на нови кривични дела;
- Завршување и дооформување на основното образование и продолжување со понатамошно школување;
- Планирано и организирано користење на слободното време;
- Особено внимавање при изборот на неформалната група на врсници за дружење;

**Обврски и активност на родителите во текот на третманот:**

- Редовно контактирање со Стручниот тим во центарот околу реализацијата на воспитната мерка;
- Редовно придружување на малолетниот и присуство на родител на сите разговори во Центарот за социјална работа;

- Помош и поттикнување на малолетниот за довршување на основното образование и понатамошно продолжување со образованието.
- Редовна контрола на поведението и помош на малолетникот дома, но и надвор од домот;
- Почитување на сите договори направени со стручниот тим во Центарот;
- Пријавување во Центарот на сите промени во однесувањето на малолетниот;
- Поголема контрола на однесувањето и движењето на малолетникот, особено во однос на доцните вечерни часови;
- Контрола и помош на малолетникот во однос на користењето на слободното време и изборот на групата на врсници со кои малолетникот го минува времето;

**Обврски и активности на извршителот на мерката:**

- Систематско и системско следење на процесот на ресоцијализација на малолетникот и извршувањето на мерката;
- Редовни контакти и средби со малолетниот, родителот и со други членовите на семејството доколку тоа е потребно;
- Помагање и мотивирање на малолетникот за школувањето;
- Совети, помош, напатствија околу натамошно развивање на семејните односи, поддршка, отворена комуникација ,изедначено воспитно влијание, користење на позитивниот пристап во дисциплинирање,помош на малолетникот во однос на користењето на слободното време, групата на врсници со кои малолетникот го минува времето,помош за професионално ориентирање;
- Редовно известување на Судот за текот на извршување на мерката.

| **Родител:** | **Малолетник:** | **Извршител:** |
| --- | --- | --- |
| ____________ | ________________ | _________________ |

**Дипл. Соц. Работник,**

Прилог бр.4

## Месечен извештај
## за степенот на реализација на Планот и Програмата

## I. Лист за следење на работата на стручниот тим

| | Социјален работник | Психолог | Педагог | Правник |
|---|---|---|---|---|
| Реализирани активности | Активност 1:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 1:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 1:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 1:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: |
| | Активност 2:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 2:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 2:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 2:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: |
| | Активност 3:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 3:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 3:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: | Активност 3:<br>1. реализирана во целост<br>2. реализирана делумно<br>3. воопшто не е реализирана<br><br>Дата:<br>Забелешка: |
| | | | | |

____________________ год
____________________место

Стручен тим:

____________________________
____________________________
____________________________

**Лист за следење на учеството на корисникот во сопствениот третман**

<table>
<tr><td colspan="3">____________________________________________<br>Презиме, таткото име и име на корисникот</td></tr>
<tr><td colspan="3">Месец и година:</td></tr>
<tr><th>Дата:</th><th>Активности:</th><th>Забелешка:</th></tr>
<tr><td>(пополнува корисникот)</td><td>Активност(пополнува координатор):<br>-реализирана во целост(пополнува корисникот)<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td>(пополнува корисникот)<br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
<tr><td></td><td>Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
<tr><td></td><td>Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
<tr><td></td><td>Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
<tr><td></td><td>Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
<tr><td></td><td>Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
<tr><td></td><td>Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана</td><td><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто?</td></tr>
</table>

Име и презиме на корисникот:
Потпис:

**Лист за следење на учество на родителите/старателот во третманот на детето/малолетникот**

| | | |
|---|---|---|
| ____________________<br>Презиме, татково име и име на родителот/старателот | | |
| Месец и година: | | |
| **Дата:** | **Активности:** | **Забелешка:** |
| (пополнува родителот) | Активност 1 (пополнува координатор):<br><br>-реализирана во целост(пополнува родителот)<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | (пополнува родителот)<br><br>- /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |
| | Активност 2 :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | - /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |
| | Активност 3:<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | - /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |
| | Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | - /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |
| | Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | - /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |
| | Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | - /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |
| | Активност :<br>-реализирана во целост<br>-реализирана делумно<br>-воопшто не е реализирана | - /<br>- Зошто?<br>- Зошто? |

Име и презиме на родителот/старателот:

Потпис:

Третманот на малолетникот не се состои само во примената и реализацијата на програмата за третман, туку и во настојувањето тоа што е преземено редовно да се преиспитува и оценува. Оваа активност е повеќе-кратна, а основната намена е да се обезбеди остварување на поставените цели на третманот. Поради значењето на оваа активност, во настојувањето за нејзина редовна реализација, постои и законска обврска стручните лица кои се водители на засилениот надзор, да изготвуваат и доставуваат до судијата за малолетници шестомесечен извештај за малолетникот за спроведувањето на воспитната мерка на засилен надзор од органот за старателство.

Од анализата на документите кои ги изготвува Заводот за социјални дејности како установа за надзор над стручната работа на центрите за социјална работа изготвена е програма за работа на стручните лица кои работат на полето на малолетничката правда. Во практиката на центрите за социјална работа се покажува дека планирањето и програмирањето на третманот во рамките на извршувањето на воспитната мерка на засилен надзор од органот за старателство, акцентот се става главно во надлежност на оној стручен профил на кого е доверено извршувањето на мерката.

## IV Заклучоци и препораки

Целта на овој труд е влијанието на извршувањето на воспитните мерки изречени на малолетниците, низ призмата на теоретските и практичните претпоставки за спроведување на третманот на воспитување, помош и заштита на малолетникот, преку системско вклучување на сите чинители во социјалната средина на сторителот, со цел најефективна примена на стручната работа. Општата цел на оваа тема, беше да се утврди влијанието на воспитната мерка- Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, што се применува спрема децата и младите во системот на малолетничката правда, преку стручниот метод на индиректен и директен третман , насоченост на социо-педагошкиот

третман за помош и воспитен развој на личноста на малолетникот, остварување на превоспитувањето, ресоцијализацијата и социјализацијата и интегрирањето на малолетникот во средината, додека специјалната цел на трудот, е придонес во теоретското и практичното влијание на извршувањето на воспитните мерки, преку согледување на основните проблеми, пречки и недостатоци, при спроведување на стручната работа, во сферата на организациско- координативната дејност и насоките за нивно надминување.

Реализираното истражување и непосредниот контакт со субјектите во текот на истражувањето, не водат до следниве заклучоци:

- Со анализа на Програмата за извршување на воспитната мерка – Засилен надзор од страна на центрите за социјална работа, се потврди дека 30 центри за социјална работа, имаат програма според која се реализира изречената воспитна мерка. Истата е составена од обрасци кои се насока за стручните лица како да го водат третманот за извршување на воспитната мерка.

- Од анализата на податоците од прашалникот, наменет за стручните лица, од аспект на организациските услови во центрите за социјална работа, постои соодветна организација во истите.

- Од анализата на податоците од прашалникот, наменет за стручните лица, од аспект на кадровската екипираност во 30 центри за социјална работа во Република Македонија, постои соодветна кадровска екипираност.

- Од анализата на податоците од прашалникот, наменет за стручните лица, од аспект на материјалните услови во центрите за социјална работа, делумно недостасуваат материјални и технички услови, но може да се констатира дека истите не влијаат врз ефикасноста на извршувањето на воспитната мерка. Значи се отфрла четвртата хипотеза.

- Од анализата на податоците добиени од прашалникот, наменет за малолетните лица, за нивниот став спрема стручните лица од центрите за социјална работа, се потврдува поставената хипотеза.

- Од аспект на анализата на Програмата за извршување на воспитната мерка, се констатира дека сите 30 центри за социјална работа, користат унифицирани програми за спроведување на изречената воспитна мерка врз малолетниците, изготвена од ЈУ Завод за социјални дејности. Оваа програма е составена од унифицирани обрасци, кои им помагаат на стручните лица да го реализираат третманот со малолетните лица. Имплементацијата на овие унифицирани програми, позитивно влијае врз положбата на децата и младите во системот на малолетничката правда.

Заклучно потврдување на општата хипотеза е дека воспитната мерка – Засилен надзор од страна на центрите за социјална работа влијае врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда.

Центарот за социјална работа, има значајна улога и сложени задачи во комплексната заштита на малолетните сторители на казнени дела, преку откривање, проучување, избор на мерки и третмани на малолетниците до организаторско - координативната дејност во процесот на ресоцијализацијата. Во казнено правна смисла во постапката со овие малолетници, центарот има помала надлежност во однос на судот, но од аспект на неговата улога како орган на старателство и стручна служба за социјална заштита, тој е рамноправен субјект со судот. Со оглед на фактот, што при изборот на мерката императивно треба да се имаат во вид севкупните услови на развојот на малолетникот, неговата личност - достигнатото ниво на социјална, емоционална, интелектуална и физичка зрелост, во тој контекст, се содржани и релевантните критериуми за избор на мерката, а кои најрелевантно може да ги респектира стручен тим во состав од социјален работник, педагог и психолог. Проучувањето на напред

наведените услови на развој и особини на личноста, има големо значење за прогнозата на натамошното поведение и позитивно насочување на процесот на социјализацијата на секој конкретен малолетник и се разбира на одлуката на судот за избор на воспитна мерка.

Воспитните мерките, кои го придружуваат процесот на ресоцијализација, а кои произлегуваат од задачите на центарот и се разбира реалните потреби, индивидуално различни меѓу одделните малолетници, можат да бидат разновидни. Меѓутоа, тие во основа се протегаат во обезбедувањето на материјална помош, помош во оспособување за работа, помош во школување и вработување, помош во подобрување на семејните односи во семејството на малолетникот и во подобрување на односите во другите негови референтни групи. Покрај непосредното учество во спроведувањето на широкиот спектар од напред наведените и други мерки од доменот на социјалната терапија, центарот покренува низа иницијативи и учествува во координативни активности во други релевантни дејности и субјекти во комплементарно содејство. Мошне значајна задача на центарот, како за ресоцијализација на индивидуалните носители на поведението на воспитна запуштеност и малолетничко престапништво, така и на превентивен план за сузбивање на овие социјално - патолошки појави, е координацијата на субјектите во локалната заедница односно со училиштата.

Во насока на вака сумираната улога на центрите за социјална работа во извршувањето на воспитните мерки, но и во севкупната постапка кон малолетниците и врз основа на добиените податоци од анкетнитот прашалник, генерално центрите во досегашната пракса ја оправдаа улогата што им ја доделува законската регулатива и доследно одговорија на задачата на проучување на личноста и социјалните прилики на малолетниците, кои предходат на предлог воспитната мерка која центарот ја доставува до судот, како и улогата која центарот ја има во извршувањето на вонинституционалните воспитни мерки.

Анализата на добиените податоци од анкетните прашалници доставени до центрите, дава акцент на следниве препораки, чие практично спроведување ќе значи унапредување на функционирањето на системот на малолетничка правда,

како систем кој првенствено во фокусот на своето делување ја има личноста на малолетникот и грижата за остварување на најдобриот интерес на малолетникот.

- Министерството за труд и социјална политика, треба да се насочи кон развивање на долгорочен Акциски план за институционално јакнење на центрите за социјална работа, како со финансиски така и со човечки ресурси, нивна реорганизација во однос на разделување на материјално работење од социјалната работа, со неопходни ресурси кои ќе одговорат на новата реорганизација. На ова ниво, центрите за социјална работа, се претворени во центри за социјална помош, голем дел од вработените се ангажирани на овој вид услуга, а многу малку ресурси има за посветеност на стручното работење и социјалната работа.

- Подобрување на техничката опременост и институционалните капацитети во рамките на центрите за социјална работа (овозможување на соодветна просторија за работа со деца, компјутер, возила и сл.)

- Заради правилно и ефикасно преземање на мерки за превенција, рано откривање, пријавување, проценка и давање на соодветен третман и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на казнени дела во Република Македонија, потребно е донесување на Протокол за постапување на сите органи кои работат во делот на малолетничката правда, со што ќе се зајакне меѓуресорската соработка меѓу надлежните министерства и институции, како на национално, така и на локално ниво.

- Неопходно е поврзување на центрите со локалната заедница, со училиштата и стручната работа на професионалците во училиштата, тесна и координирана работа со здравството, полицијата и слично.

- Вклучување на стручните лица од установите во кои се извршуваат воспитните мерки во специјализираните обуки за малолетничка делинквенција.

- Подеднаква распределба на буџетите во 30 центри за социјална работа.

Во однос на анализата на Законот за малолетничка правда, а во насока на унапредување на системот за малолетници, односно од од досегашните измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда кои се редат едноподруго, праксата покажува потреба, дека системот за малолетничка правда треба да продолжи со длабоки и широки реформи.

- Постои потреба од кодификација на сите одредби што се однесуваат на малолетниците, бидејќи поради бројните измени и дополнувања на законите што влијаат меѓусебно, отежнато е спроведувањето на малолетничката правда. Има потреба од разјаснување и разликување на различните категории на деца (во судир, во ризик, во допир).

- Неопходно е, исто така менување на Законот за малолетничка правда или дополнување на член 109 став 7 од Законот за малолетничка правда со кој министерството за внатрешни работи бара од центарот за социјална работа да обезбеди адвокат во постапката која се води во полиција. Министерството за труд и социјална политика, со фискалните импликација при донесувањето на Измените и дополнувањата на Законот за малолетничка правда од 5 ноември 2010 година, нема предвидено финансиски средства за оваа намена и истото не е во можност да го реализира и заради тоа се доведува во прашање практичната примена на овој член од Законот, а со тоа и правната заштита на малолетниците.

- За успешно спроведување на законските мерки за помош и заштита на децата во ризик, но и за децата сторители на казнени дела, потребно е интензивирање на соработката со локалната заедница, првенствено со образовните институции и сите релевантни институции, во насока на развивање на ресурси за нивна имплементација.

**Користена литература**


1. *Канцеларија на УНИЦЕФ Скопје.(2001),*Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда во РМ, *Скопје:Кома.*
2. *Арнаудовски,Љ. (2004),*Општ пристап кон спречување, сузбивање и превенција на малолетничката деликвенција*, Скопје:Канцеларија на УНИЦЕФ-Скопје.*
3. *Арнаудовски,Љ.(2007),*Криминологија,*Скопје.*
4. *Арнаудовски,Љ.(1979),*Вонзаводски воспитни мерки во југословенското кривично право*,Скопје:Правен факултет.*
5. *Сулејманов,С.(2000),*Македонска криминологија,*Скопје:Графохартија.*
6. *Чачева,В.(2007),* Карактеристики на малолетничкиот криминалитет во Република Македонија*,Скопје:ИСППИ.*
7. Димитријоска,С.(2009), Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела, *Скопје :Филозофски факултет*.
8. ЈУ Завод за социјални дејности,(2006), Методолошки упатства, Скопје.
9. *Камбовски, В.(2005),* Казнено право-општ дел второ издание, *Скопје:Култура.*
10. *Камбовски,В. Велковска, Т* (2007), Малолетничка правда, Скопје:2-ри Август.
11. *Матовски,Н.(2004),* Казнено процесно право посебен дел, *Скопје:Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје.*
12. *Нанев,Л.(2003),* Положбата на малолетникот во кривичната постапка, *Кавадарци:СППМД.*
13. *Стојановски,Н.Сулејманов,З.(2002),*Социјална патологија, *Скопје: Филозофски факултет.*
14. *Студија на група автори,(2007),* Малолетнички криминалитет во транзицијата во Република Македонија*,Скопје:ИСППИ.*
15. *Перич,О.(1975),*Кривично правна положба на малолетниците*, Белград.*

16. *Група автори,(2007),* Малолетничка правда*, Скопје: Полициска академија.*
17. *Лазаровски,J.(1992),*Рамковна скица за проучување на односот меѓу однесувањето и структурата на личноста*,Скопје:Просветно дело.*
18. *Кнежевиќ,С.(2010),* Малолетничко кривично право-материјално, процесно и извршно, *Ниш: Правен факултет*.

19. *Bashič,J.Kovačevič,V.(1984),* Porodične prilike delikventne dece i omladine u Hrvatskoj u relaciju s tokom shkolovanja*, Zagreb: Sveučilishni centar.*
20. *Boshkovič,M.(2006),*Kriminologija*,Novi Sad:Univerzitet Novi Sad.*
21. *Bujanovič,Mejovshek,Uzelac,(1984),*Tok shkolovanja maloletnih delikvenata u Zagrebu, *Zagreb: Sveučilishni centar.*
22. *Goričar,J.(1977),*Sociologija*,Beograd:Rad.*
23. *Guročič,G.(1965),*Socijologija I,II, *Zagreb:Naprjed.*
24. *Ekreman,N.(1966),*Psihodinamika prodičnog zivota*,Titograd:Grafički zavod.*
25. *Lukič,D.(1987),*Osnovi sociologije*,Beograd:Naučna kniga.*
26. *Konstatinovic,R.Vidic,A. Nikolic-Ristanovic,B. (2003),* Kriminologija, *Nis: Centar za publikacije Pravnog fakulteta.*
27. *Vidanovič,I.(1991),* Metodika socijalnog rada s pojedincem I porodicom opšti deo, *Beograd:Naučna Knjiga.*
28. *Jašović,Ž.(1983),* Kriminologija maloletničke delikvencije drugo dopunjeno izdanje, *Beograd:Naučna knjiga.*
29. Milovanovič,M.(1986), Područja socijalnog rada, *Beograd: Zavod za udžbenike I nastavna sredstva.*
30. Petrovic,D.Sedmak,T.(1997),Metode grupnog socijalnog rada, Beograd: Naucna knjiga.
31. *Paunovic,M.Mulina,*R.Racic,R.(1972), Rad sa maloletnim prestupnicima, *Beograd: Zavod za proučavanje socijalnih problema.*
32. *Popovič, M.*(1974),Organ staratelstva I krivičnopravni tretman maloletnika, *Beograd: Savremena administracija*.

33. *Radojevic,M.(*1979), Centri za socijalni rad I vaspite ustanove u izvrsavanju vaspitnih mera,*Beograd:Institut za socijalnu politiku*.
34. *Stakič, Đ.*(1991),Metode socijalnog rada, *Beograd: Stručna knjiga.*
35. *Singer I Mikshej,(1984),*Delikvencija mladih,*Zagreb:Globus.*
36. *Gurič,M.(1961),*Devijantno ponashanje I drushtvena struktura,*Beograd: Naučna knjiga.*
37. Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија 79/09, 36/11 и 51/11)
38. Закон за извршување на санкциите (Службен весник на Република Македонија 2/06 и 57/10)
39. *Закон за малолетничка правда, Службен весник на РМ број 87/2007,103/2007 и 145/2010.*
40. Конвенција за правата на детето на Обединети нации (1993), http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/CRC_macedonian_language_version(2).pdf.
41. Bartol C and Bartol A. Criminal Behavior-A Psychosocial Approach.Upper Sadlle River,2005.